ООУ „Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ - БИТОЛА

САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

БИТОЛА 2021

Содржина

1. Вовед
2. Лична карта на училиштето
3. Работни тимови по подрачја
4. Анализа од извршената самоевалуација на училиштето
5. Клучни јаки страни
6. Слабости
7. Приоритети за идниот период
8. Подрачје 1: Наставни планови и програми
9. Подрачје 2: Постигања на учениците
10. Подрачје 3: Учење и настава
11. Подраче 4: Поддршка на учениците
12. Подрачје 5: Училишна клима
13. Подрачје 6: Ресурси
14. Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика
15. Прилози - Инструменти

ВОВЕД

Програмата за развој на училиштето придонесува за поефикасно и поефективно работење на сите сегменти во училиштето. Таа се донесува на секои четири години, врз основа на Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/16) член 146 и 147. Програмата за развој на училиштето се заснова врз утврдените резултати на работењето на училиштето од спроведената самоевалуација, советодавната и стручната помош од Бирото, препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, како и резултатите од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соботници од страна на Државниот испитен центар. На секои две години за реализација на програмите од членот 146 на овој закон училиштето врши самоевалуација. Самоевалуацијата се спроведува на крајот на секоја втора наставна година. Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници и родителите која по предлог на директорот ја формира Училишниот одбор.

Согласно одредбите од член 147 став 3 од Законот за основно образовсние Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ по предлог на директорот на својата седница одржана на 08.02.2021 година донесе Одлука за формирање на училишна комисија бр. 02-58/3 во состав:

1. Лилјана Николовска
2. Мери Атанасовска
3. Мирјана Пачовска
4. Теодора Трифуновска
5. Александар Сивев

Врз основа на член 147 став 5 од Законот за основно образование, комисијата го изготви следниот

И З В Е Ш Т А Ј

за извршена самоевалуација на ООУ „Д-р Трифун Пановски“ - Битола

мај 2021

Тимовите од наставници при ООУ „Д-р Трифун Пановски“ – Битола, под раководство на директорот и комисијата, согласно законските процедури на крајот од учебната 2020/2021 година изврши самоевалуација на работењето на училиштето во текот на претходните две учебни години. Целта на самоевалуацијата беше преку истражувачка работа на тимовите да се согледа реалната состојба во целокупното работење на училиштето како воспитно-образовна институција, да се утврдат слабите и јаки страни на работењето на училиштето, а врз основа на нив да се дефинираат приоритетите.

Самоевалуацијата посебно ги опфати особено следниве подрачја:

1. Наставни планови и програми
2. Постигања на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

Во контекст на истражувачката работа, најпрвин тимовите изработија акциски планови, ја дефинираа популацијата и определија репрезентативен примерок. Ги определија истражувачките методи и изработија инструменти. Од инструментите употребија анкетни листови за наставници, ученици, родители, чек листи за анализа на содржина, протоколи за интервју и др. Откако ги прибраа и средија податоците, истите ги обработија, врз што донесоа заклучоци, од каде произлегоа слабите и јаките страни на работењето на училиштето. Врз оваа база на податоци ги утврдија и приоритетите за работа.

Лична карта на училиштето

ООУ „Д-р Трифун Пановски“ – Битола е помеѓу улиците Охридска, Вангел Мајорот и Булевар Први Мај. Адресата на училиштето е Охридска бр.50. Основано е од Секретаријатот за општествени дејности со верификационен акт бр. 13- 2140 од 1986 година. Основната дејност на училиштето е основно образование и воспитание на ученици од 6 до 16 годишна возраст.

Училиштето го сочинува еден објект со два краци. Едниот крак е стар дел изграден во 1932 година, а другиот крак е изграден 1956 година Училиштето започнува да работи во далечаната 1932 година со стариот дел. Објектот е цврста градба од траен карактер со површина од 1420,98 м2. Училишниот двор има површина од 3088м2, а спортските терени и игралишта имаат површина од 1600 м2. Загревањето на објектот се врши со парно греење кое како извор на енергија користи нафта. Училиштето има ПВЦ дограма.

Име на училиштето	**О.У. „Д-р Трифун Пановски”**
Адреса, општина, место	Ул. „Охридска” бр. 50, Битола – Битола
Директор	Пецо Димовски
Телефон	047 231-420
Факс	047 231-420

Е-маил	trifunpanovski@yahoo.com
Основано од	Секретаријат за Општествени Дејности – Битола
Верификација – број на актот	13-2140
Година на верификација	1986
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
Година на изградба	Стар објект – 1932 година Нов објект – 1956 година
Тип на градба	Цврста градба од траен карактер
Површина на објектот	1 420,98 m^2
Површина на училишниот двор	3 088 m^2
Површина на спортските терени и игралишта	1 600 m^2
Училиштето работи во смена	Учениците од одделенската настава – наставата ја следат во две смени, а додека учениците од предметна настава – наставата ја следат само во претпладневна смена. Во учебната 2020-2021 год. во училиштето се реализира настава со физичко присуство и online настава
Начин на загревање на училиштето	Загревањето на објектот се врши со парно греење, кое како извор на топлина користи нафта
Број на одделенија	Вкупно се 9 (девет) одделенија од деветгодишно образование
Број на паралелки	18 (осумнаесет)
Број на смени	Две смени (претпладневна и попладневна)

Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)	Еко-училиште – Зелено знаме
Датум на добиен статус	24.04.2015 година

<u>Во состав на училиштето има пет подрачни училишта.</u>

Подрачното училште во с. Трново располага со училишна зграда од со површина од 102,00 м^2 и училишниот двор со површина од 600,00 м^2. Загревањето на објектот се врши со парно греење кое како извор на енергија користи дрва.

Подрачното училиште во с. Братиндол располага со училишна зграда со површина од 96,00 м^2 во и училишниот двор со површина од 360,00 м^2. Училиштето е целосно реновирано во учебната 2013/2014 година. Загревањето се врши со огревно дрво.

Подрачното училиште во с. Брусник располага со училишна зграда со површина од 196,00 м^2 и училишниот двор со површина од 180,00 м^2. Загревањето се врши со огревно дрво.

Подрачното училиште во с. Дихово е дислоцирано во целосно реновирани простории во месната заедница на селото. Училиштето располага со две училници со површина од 53,60 м^2. Загревањето се врши со огревно дрво.

Подрачното училиште во с. Нижеполе располага со училишна зграда со површина од 321,00 м^2 во која се наоѓаат две училници и една канцеларија и училишниот двор со површина од 180,00 м^2. Училиштето во Нижеполе не работи од учебната 2010/2011 година.

Мапа на централното училиште

Основа на приземјето на ООУ „Д-р Трифун Пановски” – Битола



Основа на првиот кат на ООУ „Д-р Трифун Пановски” – Битола



Основа на подрумски простории на ООУ „Д-р Трифун Пановски” – Битола



Местоположба



Ученици

Одделение	**Број на паралелки**	**Број на ученици**	**Етничка и полова структура на учениците**									
			Македонци		**Албанци**		**Турци**		**Роми**		**Други**	
			М	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**	**Ж**	**М**	**Ж**
I	2	37	16	13	3	1	1	/	3	/	/	/
II	2	37	15	17	3	2	/	/	2	/	/	/
III	2	35	18	12	/	1	/	1	2	2	/	/
IV	2	26	14	10	/	/	/	1	/	1	/	/
V	2	42	13	21	1	/	2	/	2	2	/	1
I-V	10	177	76	73	7	4	3	2	9	5	/	1
VI	2	31	14	14	1	/	1	/	1	/	/	/
VII	2	29	10	15	/	/	1	1	1	1	/	/
VIII	2	37	23	10	/	1	2	/	/	/	1	/
IX	2	35	10	16	2	2	1	/	3	1	/	/
VI-IX	8	132	57	55	3	3	5	1	5	2	1	/
I-IX	18	310	133	128	10	7	8	3	14	7	/	/

Подрачно училиште – с. Дихово

Одделение	Број на паралелки	Број на ученици	Етничка и родова структура на ученици									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
			М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж
I	2 комбинирани	2	2	/	/	/	/	/	/	/	/	/
II		1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/
III		1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/
IV		2	/	2	/	/	/	/	/	/	/	/
V		1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/
I-V	2 комбинирани	7	3	4	/	/	/	/	/	/	/	/

Подрачно училиште – с. Брусник

Одделение	Број на паралелки	Број на ученици	Етничка и родова структура на ученици									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
			М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж
I	1-на комбинирана	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/
II		/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
III		/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
IV		/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
V		2	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/
I-V	1-на комбинирана	3	2	1	/	/	/	/	/	/	/	/

Подрачно Училиште – с. Трново

Одделение	Број на паралелки	Број на ученици	Етничка и родова структура на ученици									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
			М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж
I	1-на комбинирана	1	/	/	1	/	/	/	/	/	/	/
II		5	1	1	2	1	/	/	/	/	/	/
III		4	1	1	2	/	/	/	/	/	/	/
IV		1	/	/	1	/	/	/	/	/	/	/
V		1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/
I-V	1-на комбинирана	12	2	3	6	1	/	/	/	/	/	/

Подрачно Училиште – с. Братиндол

Одделение	Број на паралелки	Број на ученици	Етничка и родова структура на ученици									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
			М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж
I	1-на комбинирана	3	2	/	1	/	/	/	/	/	/	/
II		/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
III		2	2	/	/	/	/	/	/	/	/	/
IV		/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
V		1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/

Наставен кадар

Одделение	Вкупно	Етничка и полова структура на учениците									
		Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
		М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж
Број на вработени	55	12	41	/	1	/	/	/	/	/	/
Број на наставен кадар	38	8	30	/	/	/	/	/	/	/	/
Број на стручни соработници	3	/	3	/	/	/	/	/	/	/	/
Административни соработници	3	2	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Техничка служба	10	2	7	/	1	/	/	/	/	/	/
Директор	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/

Степен на образование на вработените

Образование	Број на вработени
Високо образование	41
Виша стручна спрема	1
Средно образование	3
Основно образование	9

Старосна структура на вработените

Години	Број на вработени
20-30	4
31-40	19
41-50	14
51-64	18

Мисија на училиштето

Училиште во кое негуваме знење, солидарност, идентитет и одговорност, а ќе се залагаме за висок квалитет на обрзование; еднаквост на образовни можности за сите, вклучување на сите ученици во воспитно – образовниот процес, почитување на човековите права и правата на детето, демократија и европска димензија на образованието.

Визија на училиштето

Создаваме училиште во кое учениците ќе развиваат вредни животни достигнувања што ќе ги направат подготвени за живот во општеството. Училиштето да биде неизоставен субјект во случувањата во локалната заедница со што ќе станеме попријатно место за секојдневен живот и работа.

Мото на училиштето

ПОСТОЈАНО УЧИ, МЕНУВАЈ СЕ И НАПРЕДУВАЈ!

Распоред на наставниците по подрачја за работа врз самоевалуацијата на училиштето – мај 2021

ПОДРАЧЈЕ 1	ПОДРАЧЈЕ 2	ПОДРАЧЈЕ 3	ПОДРАЧЈЕ 4	ПОДРАЧЈЕ 5	ПОДРАЧЈЕ 6	ПОДРАЧЈЕ 7
Наставни планови и програми	**Постигања на учениците**	**Учење и настава**	**Поддршка на учениците**	**Училишна клима**	**Ресурси**	**Управување, раководење и креирање политика**
координатор	координатор	координатор	координатор	координатор	координатор	координатор
Тања Николовска	**Теодора Трифуновска**	**Ленче Илиевска**	**Теодора Трифуновска**	**Слободан Ристевски**	**Мирјана Пачовска**	**Катерина Стојчевска**
Цветанка Љамчевска	Јасмина Стојановска	Моника Кузевска	Мери Атанасовска	Михајло Христовски	Никола Чаловски	Лидија Поповска
Робертина П.Герасовска	Лидија Чавдаровска	Магделина Стоилковиќ	Гордана Котевски	Владимир Тодоровски	Васка Белокозовска	Елизабета Вељановска
	Николина Врџовска	Елизабета Лавуровска				Нели Панова
		Валентина Стефановски				
Координатор на тимското работење: **Лилјана Николовска**						

Анализа од извршената самоевалуација на училиштето

Наставни планови и програми –

Наставниците добиваат план и програма од БРО и според тоа тие ги изработуваат наставните планови и програми и ги прилагодуваат во согласност со сопствените проценки. Во нашето училиште постојат технички можности за наставниците сами да ги адаптираат планот и програмата за наставниот предмет кој го предаваат. За квалитетно изработени наставни планови неопходно е потребна стручна интерна и екстерна помош. Неопходно е организирање на различни семинари преку кои наставниците ќе бидат запознати со практични примери од реализацијата на наставната програма користејќи современи техники и методи, со што ќе можат директно да влијаат врз креирањето на наставните планови и програми. Не ретко се поставува и проблем на недоволна координираност на наставните програми по различни предмети (несинхронизирано изучување на наставни теми што се временски и содржински условени). Во нашето училиште делумно тој проблем го надминуваат наставниците со временското планирање и редовно одржување на состаноците на стручните активи на кои наставниците од сродни групи на предмети дискутираат за надминување на овој проблем.

Секоја учебна година на првиот состанок на Совет на родители, родителите се запознаваат со наставните планови и програми и критериумите и стандардите за оценување. Потоа се прави план како и сите родители да се запознаат со промените на наставните планови и програми и начинот на оценување. Најчесто тоа се прави на првиот родителски состанок кога одделенските раководители ги запознаваат родителите со промените во наставните планови и критериумите и стандардите за оценување. Секој родител може подетално да се запознае со сето ова при индивидуална средба со родителите.

Важно е да се напомене дека во текот на изминатите две учебни години немало ниту една иницијатива од страна на родителите за менување или дополнување на наставните програми. Исто така наставниците во своите годишни планирања предвидуваат на првиот час да ги запознаат учениците со наставните планови и програми, содржините што ќе ги изучуваат, како и временската рамка и условите во кои програмата ќе биде реализирана. Нашето училиште е вклучено во програмата Инклузивно образование за ранлива група деца во организација на БРО, МОН, УНИЦЕФ и МЦГО, како резултат на што наставниците следеа низа обуки подобрувајќи ги сопствените компетенции за работа со овие деца, но и за за изготвување на индивидуални образовни програми (ИОП).

Инклузивното образование опфаќа и работа со надарени и талентирани ученици ученици со попреченост, ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми, со специфични тешкотии во учењето, ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни и јазични депримирани средини. Во текот на месец мај на учениците од VI до IX одделение им се нуди избор на изборни предмети што ќе ги изучуваат во текот на следната учебна година. Изборот на понудени предмети на учениците од VII до IX одделение е во согласност со барањата на БРО (понудениот предмет да не бил изучуван од страна на учениците во текот на претходните учебни години). Анкетните листови ги изготвува стручната служба на училиштето и им се делат на учениците (учебната 2019/ 20; заради прекинот на наставниот процес со физичко присуство на учениците- Covid 19 и учебната 2020/2021 заради пандемијата со Covid 19 и одвивање на online настава, анкетите беа подготвени електронски и пратени до учениците) па истите по изборот потврден од родител ги враќаат до службата. Секое одделение го изучува предметот што го избрале мнозинството ученици од паралелката. Во согласност со тоа се планира и прави

распределба на часовите од изборните предмети по наставници.
Единствен недостаток во изборот на изборен предмет е тоа што секој од учениците не може да го изучува предмет што го сака заради просторни услови (не е можно делење на пралалеката заради просторни услови и изработка на распоредот) или немање на соодветен наставен кадар, а делумно и заради материјални средства (дел од предметите бараат организација на активности што се поврзани со патувања, изработка на проекти што чинат средства и сл.)
Во шесто одделение се нудат задолжителните изборни предмети и тоа:

- Етика на религиите
- Запознавање на религиите и
- Класична култура на европската цивилизација

Во текот на учебните години опфатени од самоевалвацијата сите ученици од шесто одделение го избраа и го изучуваа предметот Етика на религиите.
И во двете учебни години учениците од VII одделение учениците избраа проекти од Ликовна уметност и Техничко образование.
Во осмо одделение и во двете учебни години повеќето ученици го избираат предемтот Проекти од информатиката, Техничко образование
Нашата татковина
Според член 40 алинеја 4 од Законот за основно образование е потребата за постоење на продолжен дневен престој и потребата на родителите кои што поради своите работни обврски се заинтересирани своите деца да ги згрижуваат во рамките на училиштето со оваа воспитно-образовна форма на работа се реализира **Проширена програма** за учениците .Проширената програма се реазлизираше и во учебната 2019/2020 година, се до месец март кога почна да се реазлизира online настава. Во нашето училиште се спроведуваат активности за меѓуетничка интеграција во образованието во согласност со спроведените обуки од МИО. Заради новонастанатата ситуација – пандемијата, МИО активностите се реализираат online на часовите ОЖВ, преку учество и активности на ликовни и литературни конкурси . Како што веќе беше споменато Советот на родители во нашето училиште зазема значајно место. Се состои од претставник на секое одделение. Родителите се запознати со наставните планови и програми, како и со воннаставните ативности што се реализираат во него. Исто така Советот на родители е запознат и со работата на училиштето воопшто зошто неговата програма за работа е дел од Годишната програма на училиштето за секоја учебна година. Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети и воннаставни активности.
Воннаставните активности се организираат за учениците кои сакаат да учествуваат во нив во согласност со сопствените желби и афинитети. Учениците не се ограничени во учеството, ниту пак се случува било каква дискриминација при запишувањето во некоја воннаставна активност. Нивното реализирање е важно заради зголемување на знаењата на учениците од областите кои тие ги сакаат и имаат афинитет кон нив, збогатување на содржините на слободното време на учениците, организирање на разни натпревари и поттикнување на креативноста на учениците.
Во Годишната програма на училиштето е даден целосен преглед на сите воннаставни актиности кои се организирани во нашето училиште како и наставниците кои се одговорни за нив, а истите се внесени и во ЕМИС апликацијата од страна на училишниот ЕМИС администратор.
Скоро секоја реализирана воннаставна активност е поставена на блогот на училиштето со што се прави афирмација на учениците кои се вклучени во неа, претставувајќи мотивација и за останатите ученици, но се прави и афирмација на училиштето во целост.
Освен есенскиот и пролетиниот еднодневен излет што се органииираат секоја учебна година, во училиштето се планираат и реазлираат и

ученичките екскурзии за учениците од трето, шесто и деветто одделение. Во учебната 2018/ 2019 двата излети и екскурзиите беа реализирани, но во учебната 2019/ 2020 заради панедмијата од Covid- 19 се реазлизираше само есенскиот излет, а од екскурзиите се реализираа за трето и деветто одделение во текот на првото полугодие (ноември), додека екскурзијата за шесто одделени остана неодржана.

Наставниците навремено ги доставуваат Годишните планирања, соодветно изменети по новините од МОН и БРО. Директорот редовно ги известува наставниците за сите измени и новини, во наставните планови и програми, лично или на Наставнички совет. Исто така секогаш им излегува во пресрет за посета на семинари и други обуки т.е. навремено ги информира за времето и местото на одржување. Од посетата на часовите се констатира дека наставниците водат неделни и дневни подготовки. Резултатите од воннаставните активности се гледаат при прослава на Денот на училиштето и одбележувањето на други значајни датуми како и при учество на натпревари. Добиени се информации за политиката на училиштето во изборот на изборни наставни предмети. Исто така Директорот ивести за реазлизација на наставните планови во време на пандемија . Од интервјуто со педагогот и психологот во нашето училиште дознаваме дека наставниците се расположени за соработка и взаемна помош за работа со учениците со посебни образовни потреби, одбирање на соодветни теми за родителски средби како и тековните активности во целокупниот воспитно - образовен процес. Организирање на различни работилници со наставници, родители и ученици кои се планирани со нивните Годишни програми. Исто така од ППС добиени се информации за изборот на изборни наставни предмети (изработка на анкети и собирање и анализа на податоци).

Тимот за изработка на Годишната програма информираше за планирањата на воннаставните активности и нивното место и важност во Годишната програма на училиштето.

Постигања и поддршка на учениците

ООУ „Д-р. Трифун Пановски“ Битола се стреми од година во година постигањата на учениците да се подобруваат, а оценувањето како процес да се усовршува. За таа цел училиштето води евиденција за успехот и постигањата на учениците по пол, етничка припадност, како и по сите наставни предмети по квалификациони периоди, исто така се анализира општиот успех на учениците при премин од еден во друг квалификационен период. Врз основа да овие анализи наставниците и стручната служба прават стратегии за подобрување на процесот на оценување,а со тоа и подобрување на постигањата на ученците.

Учебна година	Среден успех
2008/2009	3,98
2009/2010	4,10

2010/2011	3,82
2011/2012	4,34
2012/2013	4,13
2013/2014	4,28
2014/2015	4,02
2015/2016	4.02
2016/2017	4.34
2017/2018	4.42







Од приложените анализи може да се види дека училиштето години наназад го задржува трендот на релативно висок училишен успех, што е одраз на квалитетната и одговорна работа на наставниците и учениците. Наставата на далечина (онлајн наставата) со своите специфики се одрази и врз постигањата на учениците, но сепак и таа флуктуација на идивидуалните постигања на учениците не направи статистички значајна разлика на целокупниот успех на ниво на училиште.

Во нашето училиште во текот на овие две последователни учебни години, а и повеќе, немало ученици кои ја повториле годината.

За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение на ученикот.

Учениците редовно учествуваа на бројни конкурси и натпревари организирани од страна на училиштето и од друштва/асоцијации на наставници по соодветните предмети.

На натпреварите нашите ученици постигнуваат солидни резултати, за што сведочат наградите, дипломите, пофалниците и признанијата. За учеството на разни натпревари и освоени награди се води комплетна евиденција. За подобрување на постигањата и мотивирање за редовно учење, наставниците користат разновидни и современи форми, методи и техники за изведување на наставата, примена на ИКТ и презентации. Подобрувањето на постигањата на ученици се врши преку организирање и реализирање на редовна, додатна и дополнителна настава. Училиштето ја практикува инклузивноста и ги вклучува децата со поешкотии во учењето во секојдневните свои активности. Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби, ја изведуваат главно предметните наставници, раководителот на паралелката, стручната служба и родителите. Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници, преку оцени, лична евиденција и проценка на секој наставник одделно, како и преку прегледи на наградени ученици. По одредени наставни предмети, за материјата за која наставникот смета дека не е доволно совладана од некои ученици се организира дополнителна настава. Со талентираните ученици се работи преку моделот за организирање на додатна настава. Од тие ученици се селектираат најсоодветните кои ќе учествуваат на натпревари, конкурси и други активности на кои освојуваат награди, а воедно се афирмираа себеси и нашето училиште.Натпреварите на кои учествуваат ги опфаќаат речиси сите наставни предмети. За надарените и за сите заинтересирани за проширување и продлабочување на знаењата по одделни воспитно-образовни подрачја се организираат часови за додатна настав. Тоа е обврска на наставниците, која се исполнува редовно во текот на целата учебна година.

Училиштето доставува известување до ДПИ за бројот на завршени деветтоодделенци. Мал број на средни училишта по писмен пат го известуваат нашето училиште кои ученици од нашето училиште продолжиле да се школуваат кај нив, а ниту едно средно училиште не испратило податоци за успехот на нашите ученици што продолжиле да се школуваат кај нив.

Нашето училиште врши анкетирање на деветтоодделенците, со цел да ги открие желбите и интересите на учениците за понатамошно школување во средните училишта. Секоја учебна година средните училишта вршат организирани презентации за деветтоодделенците. Оваа и минатата учебна година поради пандемијата со КОВИД 19 беа испараќани само онлајн презентации на учениците на одделенскиот час и преку веб страната на училиштето.

Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето.

При уписот на учениците од прво одделение се настојува во однос на реонизацијата учениците да бидат максимално опфатени . За таа цел, се преземаат различни активности (посети на семејства, испраќање покани до родителите и сл.) . Согласно новиот Закон за основно образование при упис на ученици од прво одделение од друг реон се издава согласност за прием и се бара согласнот од училиштето во кое по реон ученикот припаѓа.

Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навреме превзема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. За таа цел контактите помеѓу наставници – стручна

служба - родители , за причините на изостанување , се чести и навремени. Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците заради следење на напредувањето на своето дете.Во последните години, причина за осипување на учениците е промена на местото на живеење или промена на работата на родителите. За учениците кои поради оправдани причини преминуваат во друго училиште, училиштето води евиденција и за нив се издаваат преведници. Училиштето соработува со останатите училишта и кога некој ученик / ученичка сакаат да се запишат во друго училиште добиваме согласност од училиштето во кое преминува нашиот ученик, а исто така и нашето училиште дава согласност за запишување ученик од друго основно училиште.

При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците кон кој е договорено сите да се придржуваат. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето каде што може секој да го прочита.
Примарна заштита и безбедност во училишните простории се обезбедува преку поставување на дежурни наставници. Одговорните и дежурни наставници се грижат за одржување на дисциплината и безбедноста на учениците за време на одморите.

Моментално поради постојната пандемија со КОВИД 19 во училиштето строго се спроведуваат протоколите пропишани од Владата и Комисјата за заразни болести.
Во училиштето постојат „ План и Програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди“. Учениците од страна на наставниците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Јасно се означени патеките (со стрелки по ѕидовите) по кои треба да се движат учениците за време на евакуација. Повеќе пати во годината се спроведуваат вежби за евакуација на учениците од училишната зграда. Учениците го препознаваат знакот кој алармира елементарна непогода и крај на истата. Училиштето има громобранова инсталација.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.
Сите опасни места во училиштето и училишниот двор се заштитени и не претставуваат опасност за учениците.

Одделенските раководители ги информираат учениците (на одделенскиот час, на состаноците на одделенската заедница) дека во училиштето од педагошко-психолошката служба можат да добијат стручна помош, информација во врска со воспитно-образовната работа или решавање на проблеми актуелни за нивната возраст – всушност педагогот и психологот вршат советодавна инструктивна работа со учениците. Најнапред се води разговор со ученикот кој има проблем. Зависно од тоа дали е проблемот во врска со некаков конфликт со друг ученик, нередовност во наставата, несоодветно однесување со училишниот инвентар – соодветно се разговара со ученикот. Исто така ваква информација им се дава и на родителите. Се повикуваат родителите на разговор од страна на педагогот, психологот и одделенскиот раководител и се запознаваат со проблемот кој го има ученикот, отворено се разговара со родителот и понатаму се превземаат мерки за подобрување и решавање на проблемот. Во присуство на наставникот, ученикот и родителот се изрекуваа соодветни воспитни мерки пропишани со Законот за основно образование.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и

не се консумира алкохол, и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.

Во соработка со локалната заедница, МВР, невладините организации училиштето редовно спроведува работилници и предавања на тема спречување на користење на алкохол, дрога и други опојни супстанци.

На часот на одделенска заедница одделенскиот раководител според програмата за Образование за животни вештини реализира наставни содржини и работилници кои опфаќаат и теми од справување со конфликтите и насилничкото однесување. Училиштето поседува и реализара програма за Превенција од насилно однесување, со која се предвидени низа активности со цел намалување на физичкото и психичкото насилство во релација ученик-ученик или наствник-ученик.

Согласно Еко-програмата учениците реализираат активности за здрава храна со цел подигање на свеста за поголема грижа за своето здравје. Училиштето соработува со родителите и други релевантни институции во обезбедување грижа за сите ученици и настојува во потикнување на соучениците во пружање помош и соживот во училиштето.

Во училиштето просторот во ходниците и скалите во целост дозволува комотно движење на учениците и вработените.

Училиштето има политика на олеснување на движењето во училиштето на децата кои се здобиле со телесни повреди (скршеници на раце и нозе, операции). Се користат училници на приземје, учениците добиваат помош од соучениците на пример во носење на училишната чанта и помош при движењето. За оценување на социјалните потреби училиштето користи непосредни разговори со учениците, родителите и службите за социјална грижа и тоа со помош на педагошко-психолошката служба во училиштето. На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува внимателно, да не се повреди нивната личност, најголема поддршка добиваат од разговорите со одделенскиот раководител и педагогот и психологот на училиштето, кои им влеваат самодоверба и им даваат морална поддршка. За целосна интеграција на учениците од социјално загрозените семејства во наставните и воннаставните активности училиштето самоиницијативно одлучува да им помогне на овие деца, преку организирање бесплатни посети на театар, кино или културни манифестации. Во процесот на униформирање на учениците родителите кои имаат три и повеќе деца – ученици во нашето училиште беа ослободени од плаќање на униформата за дел од нив.

Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и дезинфицирани. Училиштето располага со правилник за работа на помошниот персонал, по кој се постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности.Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Оваа учебна година поради пандемијата со КОВИД 19 постојат посебни протоколи за чистење на просториите и инвентарот кои доследно се извршуваат.

Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат.

Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња и сл.

Грижата за здравјето на учениците во еден дел е испланирана во воннаставното подрачје за грижа за здравјето на учениците. Во соработка со здравствените установи се вршат редовни систематски прегледи на учениците и редовна имунолошка заштита (вакцинација). Учениците континуирано или по потреба се информираат за етиологијата и начините на ширење на заразните болести (ХИВ СИДА) и начините за превенција од нив , за болестите на зависност (наркоманија, алкохолизам, никотинизам) и др.

Предвидени се систематски прегледи за учениците од одредени возрасти, редовна имунизација и здравствени предавања.

Со учениците со полесни, па дури и со потешки здравствени проблеми, се работи на нивно целосно вклучување во наставно-образовниот процес. Во наставата, учениците не се одвојуваат од оние со нормален здравствен развој. За учениците кои во одреден период од годината поради одредени здравствени проблеми имале потешкотии во совладувањето на материјалот, како и за оние ученици кои имаат посебни образовни потреби, со цел да им се помогне и овозможи понатамошен напредок и развој, се изведува дополнителна настава согласно планот за реализација на часовите за дополнителна настава. Уште при самиот прием на првачиња во училиштето родителите задолжително пополнуваат прашалник каде меѓу другото треба да дадат информации за тоа дали нивното дете боледува од некое заболување, алергија и сл. Со тоа добиваме информации за здравјето на овие ученици а потоа се информираат и наставниците за да дадат соодветна грижа доколку е потребно.

Во изборот на нивното понатамошно образование училиштето им помага на учениците, така што ги информира за мрежата на средните училишта,условите за упис на истите, им овозможува директна средба со претставници на овие училишта кои вршат презентација на своите програми. Учениците преку класните раководители учат за изборот на понатамошното образование.Секоја учебна година се организираат претставување на средни училишта. Стручната служба на училиштето редовно ги информира учениците за термините и условите за запишување во средно образование и им го презентира конкурсот за упис во средно образование. Со учениците од деветто одделение се врши проценка на нивните Професионални интереси, способности и снаодливост со луѓе. Оваа година професионалната ориентација и информација на учениците од завршните одделенија се одвиваше електронски преку презентации на одделенски час или преку веб страната на училиштето.

За состојбата со учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот и поведението, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл., покрај одделенските раководители е информирана и стручната служба (психолог,педагог), кои работат тимски за отстранување на евентуалните проблеми на учениците. Со овие ученици се работи индивидуално или во група, се разговара со родителите, се запознаваат и одделенските раководители и останатите наставници, како и во некои случаеви, на дискретен начин во однесувањето кон нив се усмеруваат и останатите ученици. Училиштето соработува со здравствените установи, Центар за социјална работа, Полициска станица и други компетентни институции.

Учење и настава

Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за Наставните планови и програми што ќе се реализираат во тековната година. Во нашето училиште сите наставници беа навремено информирани со измените и дополнувањата на Наставниот план пред почетокот на неговата примена. Во тековната 2020/2021 год.со прогласувањето на ковид-пандемијата од страна на СЗО, Наставните програми беа скратени.Наставниците ги изработуваат сите годишни, тематско-процесни планирања и дневни подготовки за предметите од задолжителна настава,изборни предмети ,час на одделенската заедница, дополнителна настава , додатна настава ,слободни ученички активности.Во планирањата на наставниците се

интегрирани содржини од Програмата за Интерграција на еколошката едукација во македонскиот воспитно образовен систем . Во наставните планови и програми се интегрирани МИО содржини.Сите наставници изработуваат Програма за деца со посебни образовни потреби,Програма за таленирани и надарени ученици , а додека Програма за деца со ИОП изработуваат наставниците кои им предаваат на овие ученици. Дневните планирања на наставниците ги содржат сите елементи за реализација на часот. При изработувањето на Наставните програми и планови наставниците досега не влијаеле врз изработувањето на истите , но оваа година од страна на Стручниот актив на одделенски наставници испратен беше допис до МОН и БРО со давање на писмени сугестии и предлози околу најавените реформи во образованието и Нацрт концепцијата за основно образование. Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку наставниците , преку однапред изготвени брошури од училиштето кои ги добиваат на секој почеток на учебната година, веб страната на БРО и училиштето. Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа :годишните и тематски планирања кои наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат во педагошко –психолошката служба во електронска форма;оперативни планови за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот , стручната служба и државниот просветен инспекторат. Покрај Комисијата за преглед за навремено доставување на сите планирања на почетокот од учебната година, стручните соработници и директорот го следат континуирано квалитетот на дневните планирања на наставниците преку инструмент. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или стручната служба. Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи, со поддршка од стручните соработници. Особено се води грижа за воведување во работата на новиот наставен кадар од страна на педагог и психолог,воведување во работата на наставниците почетници од страна на менторите. Во училиштето се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Размената на искуствата при планирањата се обезбедува преку дискусија на Наставнички совети и насоки од советници од БРО и во тековната 2020-2021 година поради ковид пандемијата , сите средби се одржуваа он-лајн на Мајкрософт Тимс. Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето. Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава, воннаставни активности и се се реализира според предвидената динамика.

Во текот на учебната 2020/2021 година наставата се реализираше со платформата Microsoft Teams за учениците од IV до IX одделение , а додека за учениците од I до IIIодделение како и во Подрачните училишта се одвиваше со физичко присуство. Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација. Во реализација на наставата во паралеките каде што се вклучени ученици со потешкотии во учењето има потреба од стручни лица, односно вклучување на дефектолог кој би овозможил постигнување на подобри резултати во работата со овие ученици. Наставниците ја користат пофалбата кога тоа е соодветно како начин за да ги мотивираат учениците за поголеми постигања. Учењето во училницата е активно и динамично на часовите и има работна атмосфера кај поголем број наставници , а додека кај он-лајн наставата се смета дека учењето е делумно добро. Во наставата најчесто се применува интеракцијата со учениците со цел да се подобри учењето, практичната настава и да се поттикне самооценувањето и поттикнување на попријатна работна клима во училницата.Секој наставник се посетува на час во текот на учебната година од страна на директорот, педагогот и психологот. Наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред паралелките и на Наставнички совет.Во наставата има одлична интеракцијата на релација ученик-ученик , ученик-наставник,наставник-родител се со цел да се подобри учењето, практичната настава и да се поттикне самооценувањето и поттикнување на попријатна работна клима во училницата. Одредени родителити, посебно оние чии деца покажуваат послаби резултати во учењето недоволно соработуваат со училиштето. На проблемите на учениците се реагира навремено и тие добиваат соодветна стручна подршка .За ефикасноста и ефективоста на учењето и наставата делумно недостасуваат нагледни средства и опременост на училниците и кабинетите со

нови современи дигитални уреди. Наставата по ФЗО се одвива на спортските терени која не ги задоволуваат условите и стандардите за реализација на истата , не само во Централното , туку и во Подрачните училишта.Во училиштето постои одлична интернет конекција , но истото не може да се каже и за Подрачните училиште кои тековно не секогаш имаат интернет.За успешна реализација на наставниот процес, наставниците континуираното стручно се усовршуваат преку семинари , вебинари, обуки, дисеминации и др.кои не само што им помагаат во подобрување на наставниот процес, туку и водат кон поголем успех на учениците.Особено наставниците следеа вебинари за примена на он-лајн алатки за подобро да работат на он-лајн часовите и нивните ученици да постигнуваат подобри резултати. Обуките ги поддржува наставниците да преземат одговорност за својот професионален развој и стручно усовршување.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето),почитувајќи ги естетските норми. Оваа наставна година со ковид пандемијата и почитувањето на протоколите од страна на СЗО , активностите на учениците беа редуцирани , но сепак според можностите активно беа вклучени во он-лајн работилници, манифестации надвор од училиштето, спортски натпревари,училишни натпревари, општински, регионални и државни натпревари се со цел за поголема афирмација на самите ученици и за подобрување на имиџот на училиштето.Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието, и е применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на он-лајн часовите најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Во училиштето е формиран тим за изработка на програма за овие ученици- ИОП,каде се земаат во предвид мислењето на одд.наставник или предметните наставници и мислењето на родителот. Педагошко-психолошката служба на учениците кои имаат социо-емоционални проблеми им дава индивидуално советување на барање од наставниците , на барање од родителите или доколку тие како педагошко-психолошка служба, проценат дека има потреба од било какво советување. Училиштето во зависност од можностите секогаш им излегува во пресрет на учениците од социјално ранливите групи.Се организираат хуманитарни акции за социјално загрозени семејства со храна,облека ..и др.Учениците од оваа категорија се ослободени од давачки за кино,театар,ексурзии, попуст за набавка на униформи и др. Во училиштето се организираа трибини за превенција и заштита на учениците од пушење,дрога, алкохол,врсничко насилство. На сите ученици кои го завршуваат основното образование ,училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование..

Училиштето има свој Правилник за оценување на учениците и има изработено општи критериуми за оценување на учениците, како и критериуми за оценување на учениците со потешкотии во учењето. Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година.Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех, но само оддреден број на наставници користат стандардизирани тестови за оценување на постигањата на учениците. Наставниците користат различни форми и методи за оценување. При оценувањето наставниците не вршат било каква дискриминација (по пол, социјален статус,вера,националност...)и секогаш на учениците им даваат повратна информација за нивните постигања. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и бројчано.Поведението на учениците се

оценува како примерно, добро и незадоволително.Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби.

Учениците тековно добиваат информации за нивниот напредок . За таа цел училиштето врши проверка на работата на наставниците преку онлајн нагледни часови кои се документираат со соодветен Протокол за следење на часот при што се изведува рефлексија со што ќе се утврдат и евалуираат резултатите од истиот.За напредокот на учениците се известуваат родителите и тоа преку онлајн родителски средби,индивидуални разговори, онлајн писмени извештаи ,телефонски разговори ,а во последно време се остварува и преку затворени социјални групи по електронски пат. Информирањето на родителите за напредокот на секое дете се врши преку утврден систем за известување. Во функција на транспарентноста е е-дневникот ,училишниот веб-портал на кој секој родител може лесно да пристапи, следејќи ги насоките од администраторите на е- дневникот при МОН и да биде информиран како за оценките и редовноста на своето дете, така и за актуелните настани во училиштето, писмените работи и други образовни активности.За таа цел беа ажурирани податоците на родителите на учениците.

Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо по својот напор да го одржи високиот квалитет на работа и постигања на нашите ученици во сите области. Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените што се изразува со тимска работа која придонесува за постоење на добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултати во областа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето.

Угледот – имиџот се гради преку реализирање на квалитетна настава; организирање разновидни воннаставни активности, проекти и изложби, освојување многубројни награди на различни натпревари; промовирање на постигањата на учениците како и реализираните активности преку: TV куќи (медиуми), веб страна на училиштето и на Општината, социјалните мрежи, соработка со локалната средина и институциите; постери и брошури за упис на првачиња.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ја негува родовата сензитивност , ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.

Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија истакнати на видни места во училиштето. Применувајќи современи техники и стратегии на учење и поучување ги оспособуваме учениците за активно учество во воспитно-образовниот процес и ги развиваме нивните способности за примена на стекнатите знаења и умеења во секојдневниот живот.

Во училиштето постои и се почитува Кодекс на однесување во кој се содржани принципи, правила и обврски на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество земаа сите структури. Куќниот ред е поставен на видни места во училиштето. Постои и Правилник за изрекување на педагошки мерки со кои се регулира поведението и изостанувањето на учениците. Со овој правилник се запознати учениците, наставниците и родителите.

Соработката на наставниците во нашето училиште е на високо ниво, особено помеѓу наставниците кои предаваат сродна група предмети, како и во стручните активи. Раководниот и наставен кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето. Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Сите вработени постојано апелираат и ги упатуваат своите ученици на грижа за училиштето како и едни за други.

Наставниците настојуваат сите ученици без разлика на вера, род, етничка припадност, потекло, способности да се чуствуваат прифатени и среќни во училиштето. Наставниицте во нашето училиште сметаат дека нивното однесување е пример за учениците, родителите и колегите.

Состаноците во училиштето се одвиваат на повеќе структури и нивоа и тоа одделенски. совет, наставнички совет, стручни активи, советување на родители (групно – индивидуално), родителски средби (групно – индивидуално).

За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. Работната атмосфера е присутна за време на наставата и воннаставните активности. Се истакнуваат и редовно се соопштуваат сите ученици кои освоиле награди на општинските, регионалните и државните натпревари. За учениците со несоодветно однесување по било која основа и оние кои не го почитуваат етичкиот кодекс на училиштето, одделенскиот раководител како и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки, според Правилникот за педагошки мерки од Законот за основно образование. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста. Сметаме дека со зајакнување на наставничките дежурства овие проблеми би се намалиле уште повеќе. Во училиштето и самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на ученичката заедница како и на часовите на одделенска заедница.

Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека ученичката заедница работи според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Ученичката заедница ги опфаќа учениците од VI-IX одделение. Раководното тело е избрано на демократски начин со јасни критериуми и тајно гласање. Со мнозинство на освоени гласови истото е активно во застапување на интересот на учениците.

Она што учениците ги прави горди на своето училиште и да го доживуваат училиштето како свој втор дом се другарувањето, взаемното почитување и доверба меѓу учениците од различен пол, етничко потекло и различни способности, како и неподеленоста на учениците врз база на социјален статус. Се негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училиштето. Училишната клима е на задоволително ниво. Таа се согледува во соработка со наставниците и учениците и меѓусебната соработка, комуникација меѓу самите наставници во образовниот процес.

По извршените анализи на сите наведени документи утврдено е дека поведението кај учениците е примерно.

. Сите наставници водат подеднакво грижа за учениците со различни пречки во умствениот и физичкиот развој како и дека односите помеѓу наставниците и родителите се базирани врз взаемно почитување.

Не постојат разлики во врска со поведението и дисциплината во однос на учениците од различна етничка припадност, ниту во однос на половата припадност.

Поголем дел од учениците сметаат дека дисциплината на часот се нарушува од поединци. Некои од учениците сметаат дека недовлно учествуваат во донесувањето на одлуки преку училишната заедница. Наставниците се однесуваат правично и еднакво кон сите националности. Учениците одговорно се однесуваат кон училиштето и училишниот инвентар и еднакво се однесуваат кон сите вработени во училиштето.

Родителите сметаат дека нивното дете во училиште се чуствува среќно и задоволно и притоа училиштето е отворено за соработка во секое време, како и поттикнувањето на соработка со родителите од страна на наставниците. Најголемиот дел од родителите се запознати со Правилникот на однесување и Куќниот ред во училиштето. Навремено се информирани за успехот, поведението и дисциплината на учениците од страна на одделенските наставници и класни раководители како и педагошко – психолошката служба во училиштето. Исто така родителите сметаат дека наставниците ја поттикнуваат соработката со родителите и со почит се однесуваат кон нив.

Доколку има проблеми со поведението и дисциплината во училиштето, се применуваат соодветни педагошки мерки, согласно Законот за основно образование, а често таквите ученици се читани на наставничките совети и одделенските раководители бараат совет за превземање на различни педагошки мерки.

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување на јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Голем дел од наставниците сметаат дека постигнатите резултати на натпревари ги прави горди на своето училиште.

За унапредување на личните постигања на учениците во училиштето се органзираат слободни ученички активности низ кои учениците ги истакнуваат своите афинитети, желби и таленти. Училиштето дава голем поттик за напредување на сите ученици и нивно промовирање во различни области, како што се ликовни и литературни конкурси; спортски натпревари; ликовни изложби; изложби на ученички творби; меѓуодделенски и одделенски натпревари; учество на општински, регионални, државни натпревари.

Доделувањето на пофалници за постигањата на учениците најчесто се врши на крај на учебна година. За патрониот празник на училиштето или за некој друг вид манифестација присуствуваат родители, претставници на локалната заедница, гости од други училишта, медиуми и сл. но минатата учебна година и оваа година заради пандемијата со Ковид 19 сите овие активности беа спроведени онлајн без присуство на гости и медиуми. Постигањата на учениците на натпревари како и сите активности кои се организираат со учлениците се објавуваат веб страната на училиштето. Учениците редовно учествуваат и имаат освоено награди на општински, регионални, државни натпревари. Постои и правилник за наградување на учениците. Некои од позначајните дипломи и признанија се истакнати на видни места во училиштето или училниците.

Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Училиштето е спремно да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права.

Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат своите права преку организација на различни предавања и трибини. На одделенските часови и преку состаноците на Детската организација и Училишната заедница како и по предметот Граѓанско образование и учениците се информираат за своите права, но и обврските кои тие права со себе ги носат. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски.

Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Сите ученици без разлика на возраста, полот, социјалниот статус уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потрби кои се активно вклучени во наставата.

Во нашето училиште постојано се води сметка за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот и овој однос е исполнет со толеранција и разбирање. Училиштето води политика на позитивно вреднување на етничката, културната и верската разноликост и преку предметите Граѓанско образовани и Етика, изборниот предмет Етика во религиите и часовите на Одделенска заедница кои се реализираат и во одделенска и во предметна настава (освен во прво одделение).

Со предавања и трибини од оваа област постојано се продлабочува граѓанската култура и толеранцијата кон различностите. Мултикултурално ги едуцираме учениците и со спроведување на интегрирани часови по сродни наставни предмети како и преку содржините што ги изучуваат изборните предмети учениците ги запознаваме со различните култури кај нас. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните нации, култури, религии како и отфрлање на сите можни предрасуди кон „поинаквите “ од нас.

Училиштето презема бројни и добро испланирани активности и организира обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа.

Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање на предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставните активности.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање на индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Согласно законот за основно образование се одржува и советувања со родителите чии деца имаа повеќе слаби оцени, поголем број на неоправдани изостаноци како и нарушување на редот и дисциплината во училиштето. Задолжен за ова советување е психологот и педагогот. Дневниот ред за родителската средба го формулира одделенскиот раководител по потреба , но е оставена и можноста родителите да го дополнуваат дневиот ред. Тоа прави сите информации да им се достапни на родителите и истите се чуствуваат добродојдени во училиштето.

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, добро организирани и достапни на родителите.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Ресурси -

Во училиштето сите вработени се чувствуаат пријатно, а со тоа се постигнува пријатна работна атмосфера. Во училиштето може да се заклучи дека има голем број на простории кои се целосно искористени, исто така е опремено со:

Реновирана спортска сала во 2020год во склопот на самото училиште. Реновирани ходници кои водат до спортската сала, соблекувални и помошна просторија за чување на спортски реквизити.

Во училишна библиотека (дел од книгите се застарени, а дел се во добра состојба). Во зависност од потребите на учениците во билблиотеката повремено се набавуваат нови книги. Библиотеката не е снабдена со новите лектирни изданија препорачани од МОН. Подрачните училишта немаат библиотеки, па како приоритет во идниот перид ќе биде создавање на мали библиотеки во рамките на овие училишта.

Наставни средства и помагала.(Геометриски тела, слики, постери, прибори по физика, хемија, енциклопедии, графоскоп и сл) со тенденција за нивно збогатување. Училиштето има и современи аудио – визулени и информатичко технолошки ресурси и тоа: Компјутери за администрација, мрежно поврзан компјутер во секој кабинет, ЛЦД проектори и плеер, скенер и печатачи.

Според материјалните можности повремено се набавува потрошен материјал.

Едногласно одговорија дека за хигиената во училиштето и просторните капацитети треба да се грижат сите подеднакво.

Наставниците се заинтересирани за нивно професионално усовршување и постои интерес за спроведување на интерни обуки најмногу од област поврзана со постигнувањата на учениците и од обука за примена на современи интерактивни методи и техники на работа. Помал е бројот на наставници кај кои постои подготвеност да се вклучат како обучувачи.

Управување, раководење и креирање на политики -

Директорот како раководен орган во училиштето ја поттикнува, развива и следи работата во училиштето. Има професионален однос кон вработените, учениците и нивните родители. Успешно и продуктивно остварува партнерства со надлежните институции МОН, БРО, ДПИ, Локалната самоуправа. Тој се заложува за начелата на коректно однесување на сите човечки чинители во училиштето. Се залага за реализација за континуирано стручно усовршување на наставниот кадар. Директорот е визионер и верува дека во иднина училиштето ќе биде место за учење, промоција и реализација на желбите и потребите на младите личности.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Постои и деловник за работа на УО во кој јасно се дефинирани надлежностите за управување и е изработен согласно статутот на училиштето.

Од програмата за работа на директорот се согледува транспаретноста на работата на директорот и фунционирањето на училиштето, јасно дефинирани цели и задачи на работењето на директорот во секторот на раководење со материјално-техничките средства, финансиските и други средства со кои располага училиштето, како и со раководењето на човечките ресурси и јасно дефинирана политика во поглед на соработката со родителите, како и со локалната самоуправа и заедница.

Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ОУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН. Наставниците секогаш се навремено известени за одржување на состаноците на Наставничкиот совет преку соопштенија на огласна табла, на кои однапред е утврден дневниот ред на состаноците. Со овие состаноци раководи директорот на училиштето.

Советот на родители е составен од родители на ученици од I до IX одделение. Тој е активен учесник во креирање на политиката на училиштето.

Постои недоволна информираност на родителите за одредбите за дисциплинските мерки во училиштето.

Училиштето е отворено за разновидни инцијативи покренати од: воспитно образовниот кадар, учениците, родителите и локалната средина, а се во соглсност со законските прописи и сите други видови на планирања во училиштето.

Во училиштето постои план за развој. Во него се опишани целите кои се јасни и во склад со мисијата, визијата и вредностите на училиштето.

Во Годишната програма за работа на училиштето е дефинирано јасно јазичната и уписната политика на училиштето. Во неа дефинирана е соработката со родителите и локалната средина преку учество на спортски натпревари, саеми, претстави, посети на предучилишни установи , предавања, дебати и сл. како и соработка на училиштето со основни и средни училишта во градот и надвор од него.

Училиштето редовно изработува проекти со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети.

Клучни јаки страни на училиштето

Наставни планови и програми -

- ✓ Училиштето целосно ги реализира наставните програми одобрени од МОН и изработени од БРО
- ✓ Наставниците во целост се подготвени за изработка на ИОП и реализација на истиот
- ✓ Реализација на воннаставните активности се врши според одобрени програми
- ✓ Во текот на наставаниот процес се врши интегрирање на општите цели на образованието (развивање на самодовербата, одговорноста, почитување на различностите и основните човекови права и јакнење на свеста кај учениците за припадност на РМ)
- ✓ Вклучувањето на учениците во воннаставните активности се врши според интересот на учениците со што се врши нивно целсно афинирмирање
- ✓ Со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учениците учествуваат во различни манифестации и натпревари,
- ✓ Училиштето има веб- страна за промоција и афирмирање на учениците при нивното вклучување во воннаставните активности

Постигања и поддршка на учениците

- Училиштето го следи успехот преку анализи на индивидуално ниво, на ниво на паралелка,на ниво на училиште по пол,предмети, етничка припадност;
- Оценувањето е континуирано и транспарентно;
- Родителите и учениците редовно се информираат за успехот и постигањата на учениците.

- ✓ Во училиштето нема дискриминација по никаков основ;
- ✓ Училиштето спроведува успешно програма за прфесионална ориентација и информација за учениците од деветто одделение;
- ✓ Училиштето навремено реагира во спречување на насилно однесување во училиштето;
- ✓ Училиштето дава квалитетна поддршка на учениците кои се соочуваат со некаков тип на проблеми;
- ✓ Училиштето има добра соработка со локалните надлежни институции при давањето соодветна поддршка на учениците со социо-емоционални проблеми.

Учење и настава -

- ✓ Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и истите се реализираат во пропишаниот обем.
- ✓ Наставниците изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот
- ✓ Наставниците користат наставни методи и форми на работа, соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.
- ✓ Во училиштето постои пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес.
- ✓ Позитивен и професионален однос од страна на наставниците кон учениците и родителите
- ✓ Подеднаков третман на сите ученици (не постои било каква дискриминација).
- ✓ Во училиштето постои стимулативна и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.
- ✓ Веб страна на училиштето редовно се ажурира со нови податоци и информации.
- ✓ Афирмација на постигањата на учениците од наставните и воннаставните активности преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво.
- ✓ Транспарентност во оценувањето.

Училишна клима-

- ✓ Позитивна клима за работа во училиштето;
- ✓ Отвореност на училиштето за соработка со родителите, локалната заедница, невладиниот сектор и медиумите;
- ✓ Соработката меѓу наставниците и учениците се базира на взаемна доверба и почитување;
- ✓ Редовна посетеност на наставата и примерно поведение на сите ученици;
- ✓ Континуирана мотивација на учениците за подобри постигнувања и резултати;
- ✓ Значајни постигнувања на општински, регионални и државни натпревари;
- ✓ Начинот на кој функционираат тимовите во училиштето;
- ✓ Следењето на работата на наставниците, нивна едукација, усовршување, перманентен развој, наградување;
- ✓ Дисциплината на учениците во училиштето е добра. По потреба се применува правилникот за изрекување педагошки мерки
- ✓ Училиштето успешно ги надминува проблемите поврзани со дисциплината и поведението на учениците;

- ✓ Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот.
- ✓ Наставниците го прифаќаат мислењето и идеите на учениците. ;
- ✓ Сите ученици континуирано и објективно се оценуваат;
- ✓ Почитување на детските права;
- ✓ Советување на родителите од страна на психологот и педагогот;
- ✓ Соработка со други институции БРО, МОН и ДИЦ.

Ресурси –

Настава во училници и кабинети по одредени предмети

- Осветлени и големи училници
- Максимална искористеност на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности
- Одржување на хигиената во училиштето и училишниот двор
- Мотивираност кај наставниците за континуирано стручно усовршување
- Менторство на наставниците – приправници
- Постојана стручна поддршка на наставниците од страна на стручната служба во училиштето
- Законско работење на училиштето

Управување, раководење и креирање политика

- ✓ Јасно дефинирани цели и задачи на сите органи и тела вклучени во работата на училиштето.
- ✓ Транспарентност при работењето на Училишен одбор, директор, Совет на родители и Наставнички совет.
- ✓ Реализирање на планот и програмата на училиштето.
- ✓ Вклученост на наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина во постапките за креирање на училишната политика при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО.
- ✓ Соработката со директорот е на високо ниво.

Слаби страни на училиштето

Наставни планови и програми -

- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставната програма и наставните помагала,
- Учениците са анкетираат за избор на изборен наставен предмет, но заради временските (голем број на часови) и просторните услови не е можно секој ученик да го изучува предметот што го избрал, туку одделението го изучува предметот кој го избрале мнозинството ученици.

Мало е учеството на учениците преку ученичката заедница во подготвувањето на програмите за работа и за избор на воннаставните активности

Учење и настава –

- ✓ За изведување на квалитетна настава недостасуваат современи нагледни средства и опременост на училниците и кабинетите
- ✓ Реновирање на спортските терени наменети за одржување на часовите по ФЗО во централното училиште и подрачните училишта
- ✓ Нередовната достапност на интернет конекција во подрачните училишта при што наставниците се соочуваат со потешкотии во реализација на планираните содржини
- ✓ Проблеми од техничка природа при одржување на он-лајн настава
- ✓ Наставниците и стручните соработници имааат дополнителна потреба од човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби (дефектолог,логопед)
- ✓ Недостигаат стандардизирани тестови за оценување на постигањата на учениците.
- ✓ Недоволна мобилност и соработка на родителити чии деца покажуваат послаби резултати во учењето
- ✓ Едукација на ученици-родители(социјално загрозени семејства) за користење на информатичката технологија во наставниот процес.
- ✓ Делумно незадоволни родители од реализацијата на он-лајн наставата
- ✓ Недоволна вклученост и анимираност на родителите во воннаставните активности
- ✓ Подобрување на опремеоста на училиштето со стручна литература

Постигање и поддршка на учениците

- Мислењето на учениците за сопствениот напредок не се зема во предвид;
- Училиштето не го следи успехот на учениците при премин во средно образование;
- Учениците не добиваат поддршка за подобрување на постигањата преку дополнителната и додатната настава.
- Во училиштето да се подобри промоцијата на здравиот начин на живот и здрави навики;

- Училиштето да се вклучува во проекти кои ќе нудат развивање на дополнителни вештини кај учениците;
- Унапредување на комуникацијата наставник-ученик.

Училишна клима -

- ✓ Нарушување на дисциплината на часот од поединци како и превземање на мерки за подобрување на дисциплината;
- ✓ Мал дел од родителите сметаат дека наставниците не поттикнуваат соработка со родителите и не се вклучени доволно во работата на училиштето;
- ✓ Училишната клима е на задоволително ниво;
- ✓ Недоволна соработка од страна на родителите на учениците со послаб успех;
- ✓ Потешкотиите на кои наидуваат во редовната настава наставниците кои во паралелката имаат ученици со посебни потреби и пречки во развој;
- ✓ Нееднаквото однесување на ученциите кон сите вработени;
- ✓ Информирањето на учениците од страна ученичката заедница;
- ✓ Наградувањето на учениците кои постигнале резултати на натпревари.
- ✓ .

Ресурси

- нова внатрешна дограма на просториите во централното и подрачните училишта
- поплочување на ходниците
- опремување на кабинетите со потребните нагледни средства и помагала за осовременување на наставата
- осовременување на работењето на библиотеката
- поправка на крововите и подобрување на условите за работа во подрачните училишта
- Изградба на нова спортска училишна сала надвор од објектот на училиштето опремена со сите потрбни спортски реквизити и справи за реализација на часовите по ФЗО.

Управување, раководење и креирање политика

- Недоволна информираност на родителите за одредбите за дисциплинските мерки во училиштето.

Приоритети за идниот период
Наставни планови и програми
- Преку формалните органи на училиштето да се прибираат и разгледуваат мислења за наставните планови и програми и организирањето на воннаставните активности од ученичката заедница, за истите да бидат во тек со потребите и барањата на модерното општество, но и да влијаат на развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различностите и јакнење на свеста на учениците за припадност кон својата татковина
Постигања на учениците
• Да се реализираат интерни обуки на наставници, ученици и родители за објективно оценување и самооценување на учениците • Училиштето да ја подобри комуникацјата со средните училишта со цел континуирано да го следи напредокот на своите ученици запишани во нив; • Континуирано интерно следење на реализација на додатна и дополнителна настава • Изработка на интерни проекти за промоцијата на здравиот начин на живот и здрави навики; • Училиштето да се вклучува во проекти кои ќе нудат развивање на дополнителни вештини кај учениците; • Реализација на интерни обуки за унапредување на комуникацијата наставник-ученик.
Учење и настава
- Осовременување на училниците и кабинетите со современи нагледни средства и помагала - Континуирана набавка на нагледни средства и обновување на компјутерската технологија. - Реновирање на спортските терени за одржување на часовите по ФЗО во централното училиште и подрачните училишта - Изградба на спортска сала надвор од објектот на училиштето и нејзино опремување со спорстки реквизити и справи - Професионално и стручно усовршување на наставниот кадар за користење и примена на нови, современи методи и форми на работа; - Да се обезбедат човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби; - Стабилна интернет конекција во подрачните училишта

Поддршка на учениците
Училишна клима
Градење на стратегија за наградување на ученици; Тековно и навремено објавување на настаните на веб страната; Соработка со градинките со цел нашето училиште да ги промовира своите можности за упис на нови ученици; Подобрување на соработката на училиштето со родителите; Подобрување на соработката на училиштето со деловната заедница и невладиниот сектор; Едукација на родителите за нивно поуспешно вклучување во воспитно-образовниот процес; Промовирање на постигањата на учениците на локално ниво, државно и меѓународно ниво.
Ресурси
нова внатрешна дограма на просториите во централното и подрачните училишта поплочување на ходниците опремување на кабинетите со потребните нагледни средства и помагала за осовременување на наставата поправка на крововите во подрачните училишта осовременување на работата на библиотеката
Управување, раководење и креирање политика
Информирање на родителите за одредбите за дисциплинските мерки во училиштето. Подобрување на соработката на училиштето со родителите. Едукација на родителите за нивно поуспешно вклучување во воспитно-образовниот процес.

Комисија:

1. Лилјана Николовска _____
2. Мери Атанасовска _____
3. Теодора Трифуновска _____
4. Мирјана Пачовска _____
5. Александар Сивев _____

ДИРЕКТОР

Пеце Димовски

Подрачје 1

НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (и) Обработка на документи	
Наведете ги сите документи кои се прегледани.	**Кои информации се собрани?**
Наставни планови и програми (доставени на увид на тимот)	**Применувани наставни планови и програми** Наставниците добиваат план и програма од БРО и според тоа тие ги изработуваат на наставните планови и програми и ги прилагодуваат во согласност со сопствените проценки. Во нашето училиште постојат технички можности за наставниците сами да ги адаптираат планот и програмата за наставниот предмет кој го предаваат. За квалитетно изработени наставни планови неопходно е потребна стручна интерна и екстерна помош. Неопходно е организирање на различни семинари преку кои наставниците ќе бидат запознати со практични примери од реализацијата на наставната програма користејќи современи техники и методи, со што ќе можат директно да влијаат врз креирањето на наставните планови и програми. Не ретко се поставува и проблем на недоволна координираност на наставните програми по различни предмети (несинхронизирано изучување на наставни теми што се временски и содржински условени). Во нашето училиште делумно тој проблем го надминуваат наставниците со временското планирање и редовно одржување на состаноците на стручните активи на кои наставниците од сродни групи на предмети дискутираат за надминување на овој проблем.
Записници од Совет на родители и Родителски средби Годишни планирања на наставниците	**Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми** Секоја учебна година на првиот совет на родители, родителите се запознаваат со наставните планови и програми и критериумите и стандардите за оценување. Потоа се прави план како и сите родители да се запознаат со промените на наставните планови и програми и начинот на оценување. Најчесто тоа се прави на првиот родителски состанок кога одделенските раководители ги запознаваат родителите со промените во наставните планови и критериумите и стандардите за оценување. Секој родител може подетално да се запознае со сето ова при индивидуална средба со родителите. Важно е да се напомене дека во текот на изминатите две учебни години намало ниту една иницијатива од страна на родителите за менување или дополнување на наставните програми. Исто така наставниците во своите годишни планирања предвидуваат на првиот час да ги запознаат учениците со наставните планови и програми, содржините што ќе ги изучуваат, како и временската рамка и условите во кои програмата ќе биде реализирана.
Изработни програми од страна на наставниците	**Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби** Нашето училиште е вклучено во програмата Инклузивно образование за ранлива група деца во

	организација на БРО, МОН, УНИЦЕФ и МЦГО, како резултат на што наставниците следеа низа обуки подобрувајќи ги сопствените компетенции за работа со овие деца, но и за за изготвување на индивидуални образовни програми (ИОП). Инклузивното образование опфаќа и работа со надарени и талентирани ученици ученици со попреченост, ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми, со специфични тешкотии во учењето, ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни и јазични депривирани средини.
Анкети за избор на изборен предмет	**Избор на наставни предметите** Во текот на месец мај на учениците од VI до IX одделение им се нуди избор на изборни предмети што ќе ги изучуваат во текот на следната учебна година. Изборот на понудени предмети на учениците од VII до IX одделение е во согласност со барањата на БРО (понудениот предмет да не бил изучуван од страна на учениците во текот на претходните учебни години). Анкетните листови ги изготвува стручната служба на училиштето и им се делат на учениците (учебната 2019/ 20; заради прекинот на наставниот процес со физичко присуство на учениците- Covid 19 и учебната 2020/2021 заради пандемијата со Covid 19 и одвивање на on line настава, анкетите беа подготвени електронски и пратени до учениците) па истите по изборот потврден од родител ги враќаат до службата. Секое одделение го изучува предметот што го избрале мнозинството ученици од паралелката. Во согласност со тоа се планира и прави распределба на часовите од изборните предмети по наставници. Единствен недостаток во изборот на изборен предмет е тоа што секој од учениците не може да го изучува предмет што го сака заради просторни услови (не е можно делење на пралалеката заради просторни услови и изработка на распоредот) или немање на соодветен наставен кадар, а делумно и заради материјални средства (дел од предметите бараат организација на активности што се поврзани со патувања, изработка на проекти што чинат средства и сл.) Во шесто одделение се нудат задолжителните изборни предмети и тоа: • Етика на религиите • Запознавање на религиите и • Класична култура на европската цивилизација Во текот на учебните години опфатени од самоевалвацијата сите ученици од шесто одделение го избраа и го изучуваа предметот Етика на религиите. И во двете учебни години учениците од VII одделение учениците избраа проекти од Ликовна уметност и Техничко образование. Во осмо одделение и во двете учбни години повеќето ученици го избираат предемтот Проекти од информатиката, Техничко образование Нашата татковина

	Во завршното деветто одделение во анкетата стојат: Учениците избраа проекти од музичка уметност, Информатика и Техничко образование.
Годишни извештаи	**Реализација на проширени програми** Според член 40 алинеја 4 од Законот за основно образование е потребата за постоење на продолжен дневен престој и потребата на родителите кои што поради своите работни обврски се заинтересирани своите деца да ги згрижуваат во рамките на училиштето со оваа воспитно-образовна форма на работа се реализира **Проширена програма** за учениците .Проширената програма се реазлизираше и во учебната 2019/2020 година, се до месец март кога почна да се реазлизира online настава.
Годишни извештаи	**Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала** Во нашето училиште се спроведуваат активности за меѓуетничка интеграција во образованието во согласност со спроведените обуки од МИО. Заради новонастанатата ситуација – пандемијата, МИО активностите се реализираат on line на часовите ОЖВ, преку учество и активности на ликовни и литературни конкурси .

Програма за работа на Совет на родители **Иницијативи за промена на наставните планови и програми**	**Влијанието на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми** Како што веќе беше споменато Советот на родители во нашето училиште зазема значајно место. Се состои од претставник на секое одделение. Родителите се запознати со наставните планови и програми, како и со воннаставните ативности што се реализираат во него. Исто така Советот на родители е запознат и со работата на училиштето воопшто зошто неговата програма за работа е дел од Годишната програма на училиштето за секоја учебна година.
Планирања на воннаставни активности за учебна година **Годишни извештаи** **Блог на училиштето**	**Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности** Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети и воннаставни активности. Воннаставните активности се организираат за учениците кои сакаат да учествуваат во нив во согласност со сопствените желби и афинитети. Учениците не се ограничени во учеството, ниту пак се случува било каква дискриминација при запишувањето во некоја воннаставна активност. Нивното реализирање е важно заради зголемување на знаењата на учениците од областите кои тие ги сакаат и имаат афинитет кон нив, збогатување на содржините на слободното време на учениците, организирање на разни натпревари и поттикнување на креативноста на учениците. Во Годишната програма на училиштето е даден целосен преглед на сите воннаставни актиности кои се организирани во нашето училиште како и наставниците кои се одговорни за нив, а истите се внесени и во ЕМИС апликацијата од страна на училишниот ЕМИС администратор. Скоро секоја реализирана воннаставна активност е поставена на блогот на училиштето со што се прави афирмација на учениците кои се вклучени во неа, претставувајќи мотивација и за останатите ученици, но се прави и афирмација на училиштето во целост. Освен есенскиот и пролетиниот еднодневен излет што се органииираат секоја учебна година, во училиштето се планираат и реазлираат и ученичките екскурзии за учениците од трето, шесто и деветто одделение. Во учебната 2018/ 2019 двата излети и екскурзиите беа реализирани, но во учебната 2019/ 2020 заради панедмијата од Covid- 19 се реазлизираше само есенскиот излет, а од екскурзиите се реализираа за трето и деветто одделение во текот на првото полугодие (ноември), додека екскурзијата за шесто одделени остана неодржана.

Самоевалуација на училиштето**: ООУ „Д- р Трифун Пановски “ Битола** Подрачје**: Наставни планови и програми**

Собирање на податоци (ии) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)		
Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци	**Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации**	**Кои информации се собрани?**
Интервју со директорот за согледување на неговите мислења за прашањата од ова подрачје	Тим за изработка на СЕЕ	Наставниците навремено ги доставуваат Годишните планирања, соодветно изменети према новините од МОН и БРО. Директорот редовно ги известува наставниците за сите измени и новини, во наставните планови и програми, лично или на Наставнички совет. Исто така секогаш им излегува во пресрет за посета на семинари и други обуки т.е. навремено ги информира за времето и местото на одржување. Од посетата на часовите се констатира дека наставниците водат неделни и дневни подготовки. Резултатите од воннаставните активности се гледаат при прослава на Денот на училиштето и одбележувањето на други значајни датуми како и при учество на натпревари. Добиени се информации за политиката на училиштето во изборот на изборни наставни предмети. Исто така Директорот ивести за реазлизација на наставните планови во време на пандемија .
Интервју со педагогот и психологот за согледување на нивните мислења за прашањата од ова подрачје	Тим за изработка на СЕЕ	Од интервјуто со педагогот и психологот во нашето училиште дознаваме дека наставниците се расположени за соработка и взаемна помош за работа со учениците со посебни образовни потреби, одбирање на соодветни теми за родителски средби како и тековните активности во целокупниот воспитно - образовен процес. Организирање на различни работилници со наставници, родители и ученици кои се планирани со нивните Годишни програми. Исто така од ППС добиени се информации за изборот на изборни наставни предмети (изработка на анкети и собирање и анализа на податоци).
Интервју со Тимот за изработка на Годишната програма на училиштето	Тим за изработка на СЕЕ	Тимот за изработка на Годишната програма информираше за планирањата на воннаставните активности и нивното место и важност во Годишната програма на училиштето

Подрачје 2

ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИ

Анкета за родители

1. Наставата,задачите и активностите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците?
   - Целосно се согласувам 48%
   - Делумно се согласувам 52%
   - Воопшто не се согласувам 0%



2. Оценувањето е континуиран процес во поучувањето и наставата?
   - Целосно се согласувам 83%
   - Делумно се согласувам 17%
   - Воопшто не се согласувам 0%



3. При оценувањето се води сметка за индивидуалното напредување на учениците?
    - Целосно се согласувам 80%
    - Делумно се согласувам 17%
    - Воопшто не се согласувам 3%



4. Наставниците редовно ги информираат учениците за своите постигања?
    - Целосно се согласувам 87%
    - Делумно се согласувам 10%
    - Воопшто не се согласувам 3%



5. Родителите се поттикнуваат на соработка поради следење на напредокот на своето дете?

- Целосно се согласувам 82%
- Делумно се согласувам 13%
- Воопшто не се согласувам 5%



6. Забелешките за оценувањето на родителите се уважуваат и разгледуваат?
   - Целосно се согласувам 73%
   - Делумно се согласувам 27%
   - Воопшто не се согласувам 0%



7. Оценувањето на учениците со посебни образовни потреби се основа на Индивидуалниот образовен план на ученикот?
    - Целосно се согласувам 77%
    - Делумно се согласувам 23%
    - Воопшто не се согласувам 0%



8. Стручните соработници (педагог и психолог) даваат поддршка на родителите и учениците за подобрување на постигањата на учениците?

    - Целосно се согласувам 70%
    - Делумно се согласувам 23%
    - Воопшто не се согласувам 7%



Анкета за ученици

1. Наставата,задачите и активностите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците?
    - Целосно се согласувам 70%
    - Делумно се согласувам 25%
    - Воопшто не се согласувам 5%

2. *Внимателно се рангираат учениците и се води сметка секој ученик различно да се стимулира според неговите способности и квалитети*
    - *Целосно се согласувам 70%*
    - *Делумно се согласувам 22%*
    - *Воопшто не се согласувам 8%*



3. При оценувањето се води сметка за индивидуалноиот напредок на учениците
    - Целосно се согласувам 90%
    - Делумно се согласувам 2%
    - Воопшто не се согласувам 8%



4. Наставниците добро ги познаваат своите ученици, а со тоа и нивните постигаѓа
    - Целосно се согласувам 85%
    - Делумно се согласувам 12%
    - Воопшто не се согласувам 3%



5. Наставниците ги информираат учениците за нивните постигања
    - Целосно се согласувам 80%
    - Делумно се согласувам 18%
    - Воопшто не се согласувам 2%



6. Со учениците се разговара за нивните постигања
    - Целосно се согласувам 70%
    - Делумно се согласувам 23%
    - Воопшто не се согласувам 7%



7. *Мислењето на учениците за сопственото напредување се зема во предвид при оценувањето*
    - *Целосно се согласувам 47%*

- *Делумно се согласувам 35%*
- *Воопшто не се согласувам 18%*



8. Наставниците ги поттикнуваат учениците да преземат одговорност за сопствената работа
    - Целосно се согласувам 90%
    - Делумно се согласувам 5%
    - Воопшто не се согласувам 5%



9. Учениците со посебни образовни потреби имаат поддршка за следење на редовната настава
    - Целосно се согласувам 77%
    - Делумно се согласувам 18%
    - Воопшто не се согласувам 5%



10. Поддршка во учењето

учениците добиваат преку дополнителна и додатна настава

- *Целосно се согласувам 70%*
- *Делумно се согласувам 17%*
- *Воопшто не се согласувам 13%*



Анкета за наставници

1. Наставата,задачите и активностите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците?
   - Целосно се согласувам 50%
   - Делумно се согласувам 50%
   - Воопшто не се согласувам 0%



2. Оценувањето е континуиран процес во поучувањето и наставата?
   - Целосно се согласувам 94%
   - Делумно се согласувам 6%
   - Воопшто не се согласувам 0%



3. При оценувањето се води сметка за индивидуалноиот напредок на учениците
   - Целосно се согласувам 81%
   - Делумно се согласувам 19%
   - Воопшто не се согласувам 0%



4. Наставниците го користат оценувањето како показател за нивната ефикасност и насока за понатамошна работа
   - Целосно се согласувам 75%
   - Делумно се согласувам 25%
   - Воопшто не се согласувам 0%



5. **Наставниците ги информираат учениците за своите постигања и напредок**
   - **Целосно се согласувам 100%**
   - **Делумно се согласувам 0%**
   - **Воопшто не се согласувам 0%**



6. Учениците со посебно образовни потреби имаат поддршка за следење на редовната настава
    - Целосно се согласувам 75%
    - Делумно се согласувам 25%
    - Воопшто не се согласувам 0%



7. Забелешките на родителите во врска со оценувањето и постигањата се разгледуваат
    - Целосно се согласувам 88%
    - Делумно се согласувам 6%
    - Воопшто не се согласувам 6%



8. Стручните соработници (педагог и психолог) даваат поддршка на наставници, ученици и родители за подобрување на постигањата на учениците

- Целосно се согласувам 81%
- Делумно се согласувам 19%
- Воопшто не се согласувам 0%



9. Во училиштето редовно се прават анализи на постигањата на учениците на индивидуално, на ниво на паралелка, на ниво на училиште

- **Целосно се согласувам 100%**
- **Делумно се согласувам 0%**
- **Воопшто не се согласувам 0%**



10. Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици, промоција и подобрување на нивните постигања

- Целосно се согласувам 75%
- Делумно се согласувам 25%
- Воопшто не се согласувам 0%



Подрачје 3
ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Анкета за ученици

1. Во училиштето конзистентно се применуваат јасни правила на однесување

- Целосно се согласувам 80%
- Делумно се согласувам20%
- Воопшто не се согласувам 0%



2. Училиштето го поддржува вклучувањето на учениците во различни вонучилишни активности.

- Целосно се согласувам 87%
- Делумно се согласувам 13%
- Воопшто не се согласувам 0%



3. **Училиштето ги информира учениците од завршните одделенија за можностите при продолжување на образованите.**

- **Целосно се согласувам 93%**
- **Делумно се согласувам 7%**
- **Воопшто не се согласувам 0%**



4. Училиштето го промовира здравиот стил на живеење.

- Целосно се согласувам 79%
- Делумно се согласувам 17%

- Воопшто не се согласувам 4%



5. Училиштето работи во согласност со законските одредби и усвоените начела за заштита на учениците од насилство, злоставување и злоупотреба.

- Целосно се согласувам 93%
- Делумно се согласувам 7%
- Воопшто не се согласувам 0%



6. Се поттикнува самодовербата, свеста за личната безбедност, верувањето во сопственото знаење и вештини, како и усвојување на етичките вредности кај учениците.

- Целосно се согласувам 83%
- Делумно се согласувам 10%
- Воопшто не се согласувам 7%



7. Учениците имаат можност да искажат грижа за другиот и да се развијат во одговорни и активни граѓани.

- Целосно се согласувам 84%
- Делумно се согласувам 16%
- Воопшто не се согласувам 0%



8. Благовремено и на соодветен начин се реагира на проблемите со кои се соочуваат учениците.

- Целосно се согласувам 67%
- Делумно се согласувам 33%
- Воопшто не се согласувам 0%



9. Наставниците и другите вработени во училиштето не прават разлика меѓу учениците според пол, социјален статус, етничка и религиска припадост.

- **Целосно се согласувам 90%**
- **Делумно се согласувам 10%**
- **Воопшто не се согласувам 0%**



10. Комуникацијата меѓу учениците и наставниците е отворена и слободна.

- *Целосно се согласувам 63%*
- *Делумно се согласувам 27%*
- *Воопшто не се согласувам 10%*



Анкета за родители

1. Учениците кои се среќаваат со лични проблеми во училиштето добиваат поддршка, при што се води сметка за приватноста, доверливоста и достоинството на ученикот.

- Целосно се согласувам 65%
- Делумно се согласувам 30%
- Воопшто не се согласувам 5%



2. Училиштето работи во согласност со законските одредби и усвоените начела за заштита на учениците од насилство, злоставување и злоупотреба.

- Целосно се согласувам 76%
- Делумно се согласувам 21%
- Воопшто не се согласувам 3%



3. Благовремено и на соодветен начин се реагира на проблемите со кои се соочуваат учениците.

- Целосно се согласувам 58%
- Делумно се согласувам 42%
- Воопшто не се согласувам 0%



4. Во училиштето конзистентно се применуваат јасни правила на однесување.

- Целосно се согласувам 81%
- Делумно се согласувам 19%
- Воопшто не се согласувам 0%



5. Училиштето го поддржува вклучувањето на учениците во различни вонучилишни активности.

- Целосно се согласувам 72%
- Делумно се согласувам 26%
- Воопшто не се согласувам 2%



6. Училиштето го промовира здравиот стил на живеење.

- Целосно се согласувам 67%
- Делумно се согласувам 30%
- Воопшто не се согласувам 3%



7. Училиштето ги информира учениците од завршните одделенија за можностите при продолжување на образованите.

- Целосно се согласувам 67%
- Делумно се согласувам 26%
- Воопшто не се согласувам 7%



8. *Училиштето учествува во разни проекти преку кои учениците се поттикнуваат да развиваат дополнителни вештини и знаења.*

- *Целосно се согласувам 58%*
- *Делумно се согласувам 28%*
- *Воопшто не се согласувам 14%*



9. Се поттикнува самодовербата, свеста за личната безбедност, верувањето во сопственото знаење и вештини, како и усвојување на етичките вредности кај учениците.

- Целосно се согласувам 60%
- Делумно се согласувам 35%
- Воопшто не се согласувам 5%



10. Учениците имаат можност да искажат грижа за другиот и да се развијат во одговорни и активни граѓани.

- Целосно се согласувам 70%
- Делумно се согласувам 26%
- Воопшто не се согласувам 4%



Анкета за наставници

1. Во училиштето конзистентно се применуваат јасни правила на однесување.

- Целосно се согласувам 74%
- Делумно се согласувам 26%
- Воопшто не се согласувам 0%



2. Куќниот ред на училиштето е истакнат на видно место, па така сите се запознати со неговите одредби.

- Целосно се согласувам 68%
- Делумно се согласувам 23%
- Воопшто не се согласувам 0%



3. Благовремено и на соодветен начин се реагира на проблемите со кои се соочуваат учениците

- Целосно се согласувам 79%
- Делумно се согласувам 16%
- Воопшто не се согласувам 5%



4. Учениците кои се среќаваат со лични проблеми во училиштето добиваат поддршка, при што се води сметка за приватноста, доверливоста и достоинството на ученикот.

- Целосно се согласувам 84%
- Делумно се согласувам 16%
- Воопшто не се согласувам 0%



.

5. Училиштето плански го поттикнува развојот на личните и социјалните вештини на учениците.

- Целосно се согласувам 72%
- Делумно се согласувам 28%
- Воопшто не се согласувам 0%



6. Училиштето го поддржува вклучувањето на учениците во различни вонучилишни активности.

- Целосно се согласувам 89%
- Делумно се согласувам 11%
- Воопшто не се согласувам 0%



7. Наставниците соработуваат со стручните сорабтници (педагог и психолог) при разрешување на проблематични ситуации, а по потреба се консултираат и надворешни служби.

- Целосно се согласувам 89%
- Делумно се согласувам 11%
- Воопшто не се согласувам 0%



8. Училиштето соработува со установи кои им пружаат психолошки и здравствени услуги на учениците или со социјалните центри.

- Целосно се согласувам 74%

- Делумно се согласувам 26%
- Воопшто не се согласувам 0%



9 . Училиштето го промовира здравиот стил на живеење.

- Целосно се согласувам 74%
- Делумно се согласувам 26%
- Воопшто не се согласувам 0%



10. Училиштето ги информира учениците од завршните одделенија за можностите при продолжување на образованите.

- **Целосно се согласувам 95%**
- **Делумно се согласувам 5%**
- **Воопшто не се согласувам 0%**



Подрачје 4
Учење и настава

Индикатори за квалитет:

1.Планирање на наставниците	1.1.Индивидуални планирања на наставниците 1.2.Поддршка и следење на планирањата на наставниците 1.3.Размена на искуства и информации при планирањето 1.4.Распоред на часови
2.Искуства на учениците	2.1.Наставни форми и методи 2.2.Избор на задачи,активности и ресурси

	2.3.Интеракција меѓу наставниците и учениците 2.4.Приод на наставникот кон учениците 2.5.Следење на наставниот процес
3.Наставен процес	3.1.Средина за учење 3.2.Атмосфера за учење 3.3.Поттикнување на учениците за преземање одговорност 3.4.Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето
4.Задоволување на потребите на учениците	4.1.Идентификување на образовните потреби на учениците 4.2.Почитување на различните потреби на учениците во наставата
5.Оценување (како дел од наставата)	5.1.Методи и форми за оценување 5.2.Користење на информациите од оценувањето во наставата 5.3.Известување за напредокот на учениците
6.Известување за напредокот на учениците	6.1.Известување на родителите за напредокот на учениците

1.ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ :

1.1.Индивидуални планирања на наставниците

Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на Наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени според однапред утврдени прописи од Министерството за образование и наука.Во тековната 2020/2021 год.со прогласувањето на ковид-пандемијата од страна на СЗО, Наставните програми беа скратени и истите беа донесени од министерот за образование и наука.Во нашето училиште сите наставници беа навремено информирани со измените и дополнувањата на Наставниот план пред почетокот на неговата примена. Планирањето на наставниците по скратените наставни програми се во согласност со наставниот план и ги опфаќаат целите, резултатите од учење и определените поими за програмските содржини на сите теми/програмски подрачја утврдени во редовните наставни програми. Планирањето на наставниците за наставен час со времетраење од 30 минути ги содржи следниве елементи:

-конкретните цели и очекуваните резултати за секој час;

-програмските содржини од предметното подрачје/темата преку кои ќе се реализираат воспитно-образовните цели;

-активностите, организационите форми и методите на поучување и учење (при што треба да доминираат активните методи на учење);

-времето за реализација на деловите на часот (воведен дел, учечко-поучувачки активности и завршен дел на часот) во однос на програмските цели и очекуваните резултати;

-дидактичките средства и материјалите што ќе се користат, како и методите, техниките и инструментите за следење и вреднување на постигањата на учениците.

Наставниците на почетокот на секоја учебна година изготвуваат годишни глобални и тематско- процесни планирања кои ги доставуваат до педагошко-психолошката служба и директорот и на училиштето и се достапни за сите инспекциски увиди, родители, наставници и директор.Покрај овие планирања , сите наставници изработуваат планирање за слободни ученички активности - СУА, планирање за дополнителна настава , планирање за додатна настава, планирање за воннаставни активности, интегрирано планирање за МИО, ЕКО , планирање за соработка со локалната средина ,планирање за соработка со родители,планирање за општествено-корисна работа,планирање за грижа за здравјето на учениците ,планирање за домашни задачи, планирање за прилагодени наставни програми за децата со ПОП, планирање за прилагодени наставни програми за децата со ИОП ,планирање за прилагодени наставни програми за талентирани и надарени деца ,планирање за

Личен професионален план,планирање за ментор. Сите видови планирања наставниците ги прават во електронска форма и како такви ги предаваат на психолошко-педагошката служба.При изработувањето на Наставните програми и планови до сега ,наставниците немаа влијание врз изработувањето на истите со давање на писмени сугестии и предлози за нивно изменување до МОН и БРО , иако нашето училиште ја имаше таа можност.Во тековната 2021 година , по објавувањето на реформите во образованието и Нацрт концепцијата за основно образование , наставниците како активни чинители во евентуалните промени и со надеж да се слушне нивниот глас и мислење, на ниво на стручен актив испратија допис до МОН и БРО со низа предлози и сугестии околу новата реформа за заедничка соработка и донесување заеднички одлуки во интерес на учениците.

1.2.Поддршка и следење на планирањата на наставниците

Стручната служба ги едуцира наставниците за имплементирање на сите новини во образованието , па така беше и во тековната 2020-2021 година кога наставниците изработуваа скратаени Наставни програми.Педагошко-психолошката служба и директорот ги следат и анализираат планирањата на наставниците, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите и тоа континуирано, во текот на учебната година.За поефикасно планирање на наставата, училиштето и педагошко-психолошката служба на наставниците им даваат и морална и материјална подршка во согласност со можностите на училиштето. Оперативното планирање на наставните часови ги опфаќа основните компоненти за реализација на часот: целите што учениците треба да ги остварат, потребните ресурси,методите на следење на учењето на учениците,наставните методи и форми на наставна работа, воведни активности, учечко-поучувачки активности , евалуативни активности, анализа и рефлексија на часот.Поради специфичноста и сложеноста на работа во комбинираните паралелки ,одделенските наставници дневното планирање го изработуваат редуцирано ,но сепак внимаваат на основните елементи и индиректната и директна настава со учениците. Дневните подготовки се подготвуваат за подетална разработка на работата и елементите на часот. Овие планирања секој наставник ги има на увид секојдевно и истите се на располагање при проверка од страна на директорот и педагогот.Стручните соработници им даваат поддршка на наставниците при изготвување на програмите за децата со посебни образовни потреби. Во нашето училиште постои Тим за изработка на Планирање за ученици со ИОП кој се сосотои од педагог или психолог,наставник и родител.За изработување на Програма и планирање за ученици со ИОП секогаш се остварува и реализира со Педагошко-психолошката служба ,родителот и одделенскиот наставник за ученици од прво до петто одделение , а додека за учениците од шесто до деветто одделение со Педагошко-психолошката служба , родителот и сите предметни наставници што реализираат настава со ученик со ИОП. Во училиштето постои пропишана интерна процедура за следење на планирањето на наставниците,односно постои Комисија за следење на навременото доставување на планирањата на наставниците ,а стручната служба, ги проверува и ги доставува до директорот на училиштето.

1.3.Размена на искуства и информации при планирањето

Сите сме свесни дека оваа година беше многу поразлична од другите бидејќи пандемијата предзвика огромни промени во нашите животи, а образовниот процес за многу кратко време мораше да претрпи целосна трансформација.Така во тековната 2020-2021 година поради почитување на протоколите за време на пандемијата соработката на стручните активи не се одвиваше со физичко присуство туку преку Вибер група, а најповеќе преку он-лајн средби на Мајкрософт тимс .На овие он-лајн средби наставниците на ниво на Стручни активи разменуваат искуства,идеи и информации за планирањата , уважуваат инересни предлози ,кои допринесуваат за напредок на наставниот процес.

1.4.Распоред на часови

Распоредот на часови во предметна настава го изработува наставникот по музичко образование во соработка со стручната служба, а истиот се изготвува пред се во интерес на учениците и прикладно според деновите кога колегите од другите училишта дополнуваат кај нас. При изработката на распоредот на часови се води грижа да бидат задоволени потребите на учениците и се се сведува на тоа да биде распоредот по тежински нивоа да не им биде заморно и напорно на учениците при следење на наставата. Во распоредот се застапени сите предмети кои се предвидени во наставниот план со пропишан број на часови. Часовите по предмети треба да бидат распоредени по денови. Се настојува во секој ден да има ист број часови ,доколку тоа е можно.

Распоредот во одделенска настава секој наставник си го изработува индивидуално, но во соработка со колегите како од предметна така и од одделенска настава (по англиски јазик , техничко образование и природни науки) кои имаат часови во одделенка настава. Рок за доставување на распоредот кај училишниот педагог е секогаш пред почетокот на новата учебна година.Распоредот е истакнат на видно место во наставничката канцеларија.

Интервју со педагог Мери Атанасовска :

1.Дали постои пропишана интерна процедура за следење на планирањето на наставниците?
-Да , во нашето училиште постои интерна процедура за следење на сите видови планирања на наставниците .
2.Дали наставниците ги изработуваат сите видови планирања?
-Да ,наставниците ги изработуваат сите видови на планирања. Оваа година наставниците изработија Скратени наставни програми изготвени од БРО и одобрени од МОН.
3. Дали постои Комисија за следење на планирањата на наставниците?
-Да ,Комисијата својата обврска ја остварува на почетокот на учебната година ,но планирањата се следат постојано и од нас како педагошко-психолошка служба и директорот ,се чуваат во посебни папки за секој наставник и се достапни за наставниците ,директорот,просветни инспектори.
4. Дали наставниците влијаат врз изработувањето на наставните програми и планови со давање на писмени сугестии и предлози за нивно изменување до МОН и БРО?
-Не , како училиште ја имаме таа можност , меѓутоа досега не сме ја искористиле.Оваа година таа можност ја искористи Стручениот актив на одделенски наставници ,кои испратија допис до МОН и БРО со низа предлози и сугестии околу новата реформа за заедничка соработка и донесување заеднички одлуки во интерес на учениците.

Извор на податоци :
Интервју со педагог, Годишната програма за работа на училиштето:разговор со наставници; Педагошка документација на училиштето-приложени планови во училиштето: глобални, годишни, тематски,процесни, месечни планирања и дневна подготовка;;Педагошка документација кај наставникот-сите видови на планирања, Индивидуален образовен план (ИОП), Инструменти за следење на планирањето на наставниците, Записници од состаноци на Стручните активи; Дневни подготовки;Распоред на часови.

2.ИСКУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ:

2.1.Наставни форми и методи
2.2.Избор на задачи,активности и ресурси
2.3.Интеракција меѓу наставниците и учениците
2.4.Приод на наставникот кон учениците
2.5.Следење на наставниот процес

2.1.Наставни форми и методи
При реализација на наставата постои разновидност во примената на адекватни наставни форми и методи на работа, во зависност од содржината на наставниот материјал, креативноста на наставникот, идеите,посетата на различни обуки ,користењето и познавањето на нови платформи и апликации. Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови и степен на учење. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во групи или со цела паралелка. На овој начин, наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација. Наставниците во наставата најчесто ја користат кооперативната 50%, заедничка 45% ,а најмалку индивидуална-5%. Од методите на работа во наставата најчесто се користи метод на работа со компјутери 75 %, демонстрациски методи- 35%. Учениците сметаат дека наставниците најмногу ја користат Заедничка фома на работа -62 %, кооперативната форма на работа (во групи, во парови)-3% и Индивидуална -32% Сите наставници во согласност со потребите на наставата применуваат современи форми, методи и техники, а најголем дел од наставниците редовно користат разновидни форми, методи и техники на работа како на пример: играње улоги, вртелешка, сложувалка, инсерт, секвенци, венов дијаграм, изведбени активности, грозд, коцка,бура на идеи, истражување, разновидни онлајн

игри и апликации и сл. и сметаат дека истите ја подобруваат мотивацијата за учење кај учениците, што се потврдува и при презентацијата на истите на нашите наставнички совети, но и во самото разбирање на материјалот и крајните оценки.

2.2.Избор на задачи,активности и ресурси

Наставниците навремено ги планираат задачите и активностите кои треба да се реализираат во училиштето или како домашна работа, а истите се прилагодени на потребите на учениците и учениците со посебни потреби за да ги постигнат предвидените цели на наставата и да имаат успешни резултати. Повеќето од наставниците користат различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и прирачна литература. При реализирање на наставните онлајн часови како ресурси се користат: компјутер, печатач, училишна табла, текстови, стручна литература, весници и списанија, касетофон, географски и историски онлајн карти, различни апликации за секој предмет, онлајн квизови и др . Се користат и информации од Интернет, до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги средуваат во финален производ — проект или презентација, кој потоа го презентираат пред учениците.Од спроведената анкета можи да се забележи дека наставниците во голем процент применуваат различни видови на задачи, активности и ресурси и тоа :Да-85% , Не-0% ,Делумно-15%. Наставниците користат различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и прирачна литература и се изјасниле на следниот начин:Да-80%,Не-5% и Делумно-15%.

2.3.Интеракција меѓу наставниците и учениците

Во процесот на поучување и учење наставниците имаат одлична интеракција со учениците, со цел
да се подобри учењето ,да се стекнат трајни знаења и да има позитивна клима во училиштето. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Најчесто применувани методи на интеракција се: поставување прашања,практична активност, самостојна изработка на проекти, оценување и поттикнување на самооценување од страна на учениците, поттикнување на бура идеи и други. Женските и машките ученици исто се третираат и не постојат стереотипи и поделби. На овој начин, наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација.За интеракцијата наставник-ученик,наставниците во проценти се изјасниле дека сите наставници имаа делумно добра интеракција -35% , одлична -35% и не задоволува- 15% ,а учениците се за истото се изјасниле одлична – 52%, делумно добра – 42 % и не задоволува 6 %. Дури 86% од учениците имаат добра интеракција помеѓу себе ,без разлика на вера, националност , социјален статус, делумно 10 % и не – 2%. Од анкетираните родители и обработените податоци можеме да констатираме дека родителите се задоволени со управувањето и организацијата на работа на училиштето и тоа потврдно одговориле 60%, делумно-36% и не-4 % . Родителите сметаат дека во училиштето национална/етничка ,верска , јазична и културна различност се препознаваат ,се уважуваат и се негуваат за соживот меѓу учениците што се гледа и од процентуалниот износ: да - 83 % ,не - 6 % и делумно-11%,а на истото прашање учениците се изјасниле вака ; Да-86% ,Не-4% и Делумно-10%.

2.4.Приод на наставникот кон учениците

При приодот кон учениците сите наставници ја почитуваат личноста на ученикот и се однесуваат примерно, коректно, со почит и грижа. Наставниците немаат стереотипи за машки и женски активности и професии и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците. Исто така, наставниците подеднакво ги испрашуваат и машките, и женските ученици. Наставниците се однесуваат кон секој ученик одговорно и им дава можност да
ги истакне своите афинитети и интереси со учество во слободните ученички активности и различни натпревари . Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување,тестови и преку изработка на проекти со кои можат да учествуваат на натпревари. Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања, проблеми и најаснотии во врска со материјалот. Наставниците исто така посветуваат и големо внимание на градење на меѓусебна доверба и интеракција со учениците преку активности како самооценување, разговор, толеранција , заедничка изработка на бодовна и чек листа и транспарентност при формирање на оценката која е резултат на различните активности и степенот на совладани содржини. Наставниците ги вклучуваат учениците во

активностите по повод Денот на екологијата,Денот на дрвото, Патрониот празник на училиштето.Поради онлајн наставата во тековната 2020-2021 год. редуцирани или изпставени се изоставени се хуманитарните акции,новогодишниот и велигденскиот базар,екскурзиите, посети на кино , театар , музеј и други институции. Односот на наставниците кон другите наставници,директорот и педагошко -психолошката служба е : примерен – 65 %. Одличен – 35 % и некоректен - 0%. Родителите се изјасниле со 79% дека наставниците им излегуваат во пресрет на нивните деца, делумно 21 % и не им излегуваат во пресрет – 0%.

2.5.Следење на наставниот процес

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува.Во текот на учебната година иако се следи онлајн настава најмалку двапати се врши увид на час од страна на стучната служба и директорот кај сите наставници, а потоа се вршат консултации со секој наставник се со цел да се подобри наставата.Педагошко психолшката служба има инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час, во кој се следи и вреднува :комуникацијата на наставникот со учениците,изведбата на наставниот час,водењето и текот на наставниот час;воспоставувањето клима во паралелката; работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;иборот на методи и форми на работа ,иборот на задачи ,активности и ресурси, користење на онлајн можности итн.За успешна реализација на воспитно-образовниот процес наставниците постојано стручно се усовршуваат со цел да се подобри квалитетот на наставата, поучувањето и учењето и стекнатите знаења од семинари,вебинари и обуки ги применуваа во наставниот процес. Примената на современи форми и методи за работа: предавања, работа во групи, индивидуална работа, практични активности и соодветни форми на итеракција со учениците, поставување на прашања, водење дискусија, користење на предходните знаења на учениците во воведувањето во новиот материјал, информирање на учениците за очекуваните исходи, поставување на прашања со различни нивоа на сложеност и давање на повратна информација на ученикот за неговиот напредок, придонесува учениците да стекнат поквалитетни знаења и подобри резултати. Во наставниот процес , наставниците редовно ги запознаваат учениците со целите и очекуваните исходи на наставата и истите сметаат дека наставните содржини се соодветни на возраста на учениците. При изведувањето на наставниот процес наставниците избираат различни методи и активности со цел да поттикнат различни начини на учење, активно учество во совладувањето на наставните содржини и тоа преку дискусија, дебата, самостоен избор на теми, методи и техники, истражување, набљудување и самостојна работа во текот на часот. На овој начин се создаваат услови за активна, динамична и работна. Наставниците изработуваат и реализираат Личен план за професионален развој со што ги зголемуваат своите компетенции. Педагошко-психолошката служба во училиштето води професионално досие за секој наставник во кое ги запишува сите постигања за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, вреднување (интерно оценување на учениците) учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др. Исто така изготвува Акционен план за професионалниот развој на наставниот кадар, согласно личните професионални планови кои ги изработуваат наставниците. Наставниците сметаат дека редовно посетуваат семинари, обуки, работилници, проекти, стручно се усовршуваааат и ги зголемуваат своите компетенци и тоа процентуално со „да" се изјасниле -60% од наставници, не-0% и делумно-40%. За изработка на Личен план и професионален кариерен развој се изјасниле : Да- 85%, делумно – 15 %, НЕ – 0%. За успешна реализација на наставниот процес ,наставниците сметаат дека во училиштето недостасува: Осовременување на училниците и кабинетите во училитето и во подрачните училишта 92 %, Дефектолог - 0% Нагледни средства и стручна литература- 5% ,Семинари,обуки.-3% Во разговор за со педагогот утврдено е дека реализацијата на наставата е многу посложена во комбинираните паралелки ,со одглед на бројот на програмите што треба да ги реализираат наставниците, но и со остварувањето на онлајн наставата.Со цел подобрување на квалитетот на наставата и зајакнување на улогата на стручните тела на училиштето како и дополнување на нивните активности работи тим од наставници кој секоја година изработува своја програма за работа. За реализација на наставата и вметнување на нови современи информации наставниот кадар од нашето училиште се надоградува секоја година со посета на семинари, вебинари (онлајн семинари), различни обуки и предавања. Во прилог се информации за семинарите на кои учествувале наставниците :

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВЕН КАДАР ЗА ПРВО ПОЛУГОДЕ НА УЧЕБНАТА 2020/2021

Тема на обуката	организатор	Дата	Учесници
Основи на дислексијата	БРО, Уницеф,СмартУп	17.08.2020	Цветанка Љамчевска,
Ефективна онлајн настава	Мировен корпус	19.08.2020	Цветанка Љамчевска, Тања Николовска
Реализација на наставата со користење различни ИКТ средства за учење	БРО, Уницеф,СмартУп	20.08.2020	Валентина Стефановски, Цветанка Љамчевска, Тања Николовска,Ленче Илиевска,Николина Врџовска, Лилјана Николовска, Ирена Николовска
Подготовка на училиштето за реализација на воспитно – образовниот процес според Планот и протоколот за одржување на настава	БРО	16.09.2020	Гордана Котевски,Моника Кузевска,Весна Атанасовска, Цветанка Љамчевска,Тања Николовска,Теодора Трифуновска,Мери Атанасовска,Ленче Илиевска, Николина Врџовска, Лилјана Николовска, Ирена Николовска
Добри практики за спроведување на онлајн час	БРО, Уницеф,СмартУп	15.10.2020	Моника Кузевска, Тања Николовска,Ленче Илиевска, Лилјана Николовска, Ирена Николовска
Интегрирање на целите на одделенска настава(холистички пристап)	БРО, Уницеф,СмартУп	20.10.2020	Лидија Поповска, Валентина Стефановски,Тања Николовска,Ленче Илиевска, Лилјана Николовска, Ирена Николовска
Подготовка за ПИРЛС тестирање	БРО, Уницеф,СмартУп	27.10.2020	Цветанка Љамчевска
Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта	БРО, Уницеф,СмартУп	10.11.2020	Валентина Стефановски, Теодора Трифуновска, Мери Атанасовска,Ленче Илиевска
Поттикнување на учењето преку игра и развој на социоемоционални вештини кај децата од 3 до 10 години	БРО, Уницеф,СмартУп	23.11.2020	Гордана Котевски, Лидија Поповска,Валентина Стефановски,Ленче Илиевска
Вебинар за географија	Македонско Географско друштво	28.11.2020	Моника Кузевска
Оформување на персонализирани учебни патеки за учениците	БРО, Уницеф,СмартУп	28.10.2020	Гордана Котевски, Лидија Поповска, Валентина Стефановски,Ленче Илиевска, Лилјана Николовска, Ирена Николовска

Користење на алатката OneNote совети и добри практики	БРО, Уницеф,СмартУп	02.12.2020	Валентина Стефановски, Николина Врџовска
Практични совети и добри практики во користење на MIcrosoftTeams	БРО, Уницеф,СмартУп	10.12.2020	Валентина Стефановски, Николина Врџовска, Лилјана Николовска, Ирена Николовска
Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams	БРО, Уницеф,СмартУп	22.12.2020	Гордана Котевски, Лидија Поповска,Валентина Стефановски, Николина Врџовска, Лилјана Николовска, Ирена Николовска
Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина	БРО, Уницеф,СмартУп	25.01.2020	Николина Врџовска, Теодора Трифуновска

ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕКСТЕРНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ВО ТЕКОТ НА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ НА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА

Во текот на првото полугодие наставниот кадар на ОУ „Д-р. Трифун Пановски“ Битола наставниците од одделенска и предметна настава учествуваа на голем број обуки, семинари,презентации, работилници, научни конференции организирани од релевантни институции, акредитирани од МОН.

- ✓ Семинар по географија- БРО- Виолета Нешковска-30.08.2018 (5часа)
- ✓ Семинар по информатика за Iодд.- БРО-Игор Наумовски-30.08.2018
- ✓ Учество во презентација на „Водич за работа со деца со посебни образовни потреби- премин од одделенска во предметна настава“- Ресурсен центар Скопје- Милена Дестановиќ,Игор Наумовски и Теодора Трифуновска-14.09.2018(2часа);
- ✓ Насоки за користење на збирките задачи по математика од I до IX одд. и вреднување на постигањата на учениците- Педагошки факултет Битола, Природно-математички факлутет Скопје и Просветно дело- Елизабета Велјановска,Ленче Илиевска,Бистра Костовска, Елизабета Лавуровска,Лилјана Јовановска, Ирена Николовска, Лидија Поповска, Лилјана Николовска, Тања Николовска-01.11.2018 (3часа).
- ✓ Учество на инфо-работилница за Еразмус + програмата- Национална агенција- Милена Дестановиќ,Теодора Трифуновска-24.10.2018 (1час);
- ✓ Социо-емоционален развој кај децата- АрсЛамина- Ленче Илиевска- 10.11.2018 (3 часа);
- ✓ Семинар за Граѓанско образование- БРО- Никола Чаловски- 05 до 07.12.2018;
- ✓ Кодирање на апликации кои работат на Андроид системи- КонЕдуГлобал- Ирена Николовска и Игор Наумовски- 13 до 14.12.2018
- ✓ Медиумска писменост во образованието- Висока школа за медиуми- Теодора Трифуновска- 18.12.2018 (4 часа)
- ✓ Учење за надминување на елементи на насилство- ОУ Климент Охридски Битола- Лидија Поповска и Јасмина Стојановска-25.12.2018
- ✓ Македонскиот јазик во детските списанија Росица, Другарче и Наш свет- Просветно дело (амфитеатар Технички факултет) – 27.03.2019- Лилјана Николовска, Ирена Николовска, Лидија Поповска, Елизабета Велјновска, Мери Атанасовска

- ✓ Презентација Ученичко насилство – здружение Семпер- 26.02.2019- Мери Атанасова, Теодора Трифуновска, Лилјана Николовска, Лидија Поповска, Елизабета Велјановска, Елизабета Лавуровска, Бистра Костовска, Ленче Илиевска, Јасмина Стојановска, Лидија Чавдаровска.

АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРАШАЛНИКОТ ЗА НАСТАВНИЦИ- Искуства на учениците

1. Во наставата најчесто ја користам следната форма на работа:

More Details

Заедничка(фронтална)	9
Индивидуална	1
Кооперативна	10

а)Заедничка-45% б)Индивидуална-5% в)Кооперативна-50%

2. Во онлајн наставата најчесто ги користам следните методи на работа :

More Details

Вербални методи	0
Документациски метод	0
Демонстрациски методи	7
Операциски методи	0
Метод на работа со компјуте...	13

а)Вербални методи- 0% б)Документациски методи- 0% в)Демонстрациски методи-35%

г)Операциски методи-10% д)Метод на работа со компјутерска технологија-65%

3. Во наставниот процес применувам различни видови на задачи,компјутерска технологија, активности и ресурси:

More Details

Да	17
Не	0
Делумно	3

а)Да-85% б)Не-0% в)Делумно-15%

4. Користам различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и прирачна литература.

More Details

Да	16
Не	1
Делумно	3

а)Да-80% б)Не-5% в)Делумно-15%

5. Училниците и кабинетите во кои се реализира наставниот процес се

More Details

Одлично опремени	2
делумно опремени	14
Недоволно опремени	4

а) Одлично опремени -10 % б) делумно опремени -70 % в) Недоволно опремени-20%

6. Интеракцијата помеѓу наставниците и учениците за време на онлајн наставата е:

More Details

Одлична	7
Делумно добра	10
Не задоволува	3

а) Одлична-35% б) Делумно добра -50% в) Не задоволува- 15%

7. Мојота комуникација со учениците за време на оналјн наставата е :

More Details

Одлична	11
Делумно добра	8
Не задоволува	1

а) Одлична -55 % б) Делумно добра -40% в) Не задоволува -5%

8. Мојот однос кон другите наставници,директорот и педагошко-психолошката служба е :

More Details

Примерен	13
Некоректен	0
Одличен	7

а) Примерен -65 % б)Некоректен -0% в)Одличен-35%

9. Учениците имаат добра интеракција помеѓу себе ,без разлика на вера, род,пол,националност , социјален статус :

More Details

Да	20
Не	0
Делумно	0

а)Да-100% б)Не-0% в)Делумно-0%

10.Редовно посетувам семинари, обуки, работилници, проекти, стручно се усовршувам и ги зголемувам своите

Да	12
Не	0
Делумно	8

компетенции:

а) Да-60% б) Не- 0% в) Делумно-40%

11.Изработувам и релизирам Личен план за професионален и кариерен развој:

Да	17
Не	0
Делумно	3

а) Да- 85% б) Не - 0% в) Делумно -15 %

12.За успешна реализација на наставниот процес ,во училиштето недостасува:

а) Семинари,обуки...5% б) Нагледни средства и стручна литература во училиштето -0%

в) Дефектолог -0% г) Осовременување на училитето и училниците – 46 %

д) Осовременување на училиштето и училниците во подрачните училишта – 46 %

АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРАШАЛНИКОТ ЗА РОДИТЕЛИ- Искуства на учениците

1. Задоволен/а сум со управувањето и организацијата на работа на училиштето :



а) Да -60% б) Не-4 % в) Делумно-36%

2. Национална/етничка ,верска , јазична и културна различност се препознаваат ,се уважуваат и се негуваат за соживот меѓу учениците :



а) Да - 83 % б) Не - 6 % в) Делумно-11%

3. Училниците и кабинетите во кои се реализира наставниот процес се :



а) Одлично опремени -21% б) делумно опремени-47% в) Недоволно опремени-32%

4.За успешна реализација на наставниот процес ,во училиштето недостасува:



а) Семинари,обуки-13% б) Наследни средства и стручна литература-7% в) Дефектолог-4% г)Наследни средства и стручна литература д) Подобрување на условите во подрачните училишта – 20 %

ѓ) Осовременување на училниците и кабинетите – 56 %

АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРАШАЛНИКОТ ЗА УЦЕНИЦИ- Искуства на учениците

1.Мојот однос кон учењето е:



а) Редовно учам и во учењето ја гледам мојата иднината-73%

б) Делумно учам и потребна ми е помош од наставниците или родителите-25%

в) Не сакам да учам-2%

2.Во онлајн наставата, наставниците најчесто ги користат следнате форма на работа:



а) Заедничка(фронтална)-62% б) Индивидуална -32% в)Во групи,во парови-6%

3. Училниците и кабинетите во кои се реализира наставниот процес се :



а) Одлично опремени-42 % б) делумно опремени-44% в) Недоволно опремени-14%

4.Интеракцијата помеѓу наставниците и учениците преку онлајн наставата е:



а) Одлична-52% б) Делумно добра-42% в) Не задоволува-6%

5.Учениците имаат добра интеракција помеѓу себе ,без разлика на вера, националност , социјален статус :



а) Да-86% б) Не-4% в) Делумно-10%

Извор на податоци:

Годишна програма за работа на директор и педагог; Разговор со педагошко-психолошка служба;Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час,нструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците Инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката; Инструмент за следење ивреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;Анкетни листови за наставници,родители и ученици,Сертификација на наставниците ,Дневни подготовки,Личен план за професионален развој,Набљудување на училници ,кабинети,Педагошка документација и евиденциј

3.НАСТАВЕН ПРОЦЕС
3.1.Средина за учење
3.2.Атмосфера за учење
3.3.Поттикнување на учениците за преземање одговорност
3.4.Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето

3.1.Средина за учење

Наставниците создаваат средина во која сите ученици се чувствуваат пријатно и како дел од неа. Ги почитуваат учениците интересирајќи се за нивните чувства , идеи и искуства. Создаваат услови во кои секој ученик може слободно да се изразува, создаваат средина која ги поттикнува учениците да преземат иницијативи за развој и учење. Учениците ги доживуваат училниците како стимулирачка и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Повеќето ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и е применливо и корисно во реалниот живот. За поефикасно решавање на проблемите со учење на учениците, се повикуваат родителите на online родителски состаноци. Учениците сметаат и дека училиштето низ организирани форми на поттикнување, мотивирање, остварува меѓусебна солидна соработка без никаква родова, етничка и полова поделеност. Училишната средина ги почитува повеќеслојните идентитети на децата. Тоа што детето доаѓа од определена етничка група или има некаков недостаток, не значи дека единственото нешто што го дефинира во училишната средина треба да е неговата етничка припадност или недостаток. Децата припаѓаат во повеќе различни групи и се уникатни човечки суштества .Од анкетираните ученици , 60 % сметаат дека средината за учење во нашето училиште е одлична, делумно пријатна средина за учење 36 %, недоволно пријатна 4%.Наставниците се изјасниле : одлична средина за учење 75%, делумно пријатна средина за учење 20%, недоволно пријатна средина 5%. Учениците се изјасниле дека наставниците знаат како да ги решат проблемите со дициплината и да воспостават пријатна средина за учење: да 81%, делумно 13% , не 6 %. Признаваат дека често пати за нарушување на средина за учење и училишна атмосфера се виновни самите ученици : да 50 %, делумно 42 % , не 8 %. За постигнатиот успех на учениците, родителите се информираат на родителски online состаноци , 89% се ијасниле со да, делумно 9%,а со не 2%.

.3.2.Атмосфера за учење

Учениците се поттикнуваат на позитивни ставови и културно однесување како спрема своите врсници така и спрема возрасните вработени во училиштето со што се создава една пријатна атмосфера за работа и соработка помеѓу сите овие вклучени субјекти во наставниот процес. Учениците го почитуваат Кодексот на однесување во училиштето(80%).Учениците од различна полова, етничка и социјална припадност подеднакво се стимулираат и мотивираат со нивно вклучување при учење со различни стилови и проекти. Нивните трудови исто така подеднакво се изложуваат. За време на часот наставниците се трудат да воспостават пријатна атмосфера за учење . Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за тоа што го учат. Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу

самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Не постои никаква родова поделеност во училиштето. Во училиштето постои стимулативна и поттикнувачка средина,со што се создава една непосреда,пријатна атмосфера , која буди интерес за учење. 65% од наставниците сметаат дека предлагаат и реализираат идеи за унапредување на училишната атмосфера ,делумно одговориле 35% ,а со ,,не "одговориле 0%.

3.3.Поттикнување на учениците за преземање одговорност

Училиштето низ организирани форми ги поттикнува и мотивира учениците активно да се вклучат во сите сегменти на воспитно-образовниот процес.Слабите страни на учениците наставниците им ги кажуваат на индивидуални средби со нивнте родители и дополнителна настава со учениците. Наставникот ги критикува постапките, а не личноста. На проблемите на учениците се реагира навремено и тие добиваат соодветна стручна поддршка , а за тоа родителите се изјасниле вака :Да-80 % ,Не-5% и Делумно-15%.Учениците имаат целосна поддршка од наставниците бидејќи тие кај нив ги поттикнуваат и индивидуалните интереси, афинитети и способности. Училиштето ги вклучува учениците и наставниците во активностите по повод Денот на екологијата,Денот на дрвото, Патрониот празник на училиштето, во организирање хуманитарни акции,еднодневни и повеќедневни екскурзии . Поради ковид-пандемијата воннаставните активности беа редуцирани , а и тие што се реализираа се одвиваа он-лајн.Учениците се охрабруваат да превземат одговорности активно да се вклучат во наставата преку разговори и дискусии , учество во различни проекти, работа во групи и парови, учество на натпревари и конкурси, пофалници, признанија,награди. Учениците се подговени да превземат одговорности што се поврзани со училишните активности , а тоа се : одговорност за клучот од училницата; одговорност за хигиента; чување на компјутерите; вклучување на сите ученици при донесувањето на кодексот во училницата и училиштето. Исто така тие превземаат одговорности за решавање на проблеми надвор од наставата, а сето тоа е поттикнато од страна на наставникот. Работата во групи им помага во нивната социјализација, откривање на меѓусебните сличности и разлики, а тоа придонесува за прифаќање на различностите во групата, паралелката и училиштето. Во училиштето сите имаат развиено одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето, заеднички се грижат за уредување на паноата во училниците, одржување на катчињата со ученички изработки во училишниот ходник, како и тековно одржување на хигиената во училишниот двор. Со реализација на „Проектот за меѓутеничка интеграција во образованието" училиштето посвети внимание на уредување на ходниците и заедничките простории во училиштата со балансиран приод водејќи сметка за мултикултурализмот во централното и подрачните училишта.

3.4.Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето

